СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1 ЈУНИ 1993 ГОДИНА**

Дискутанти:


1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 33
2. АБДИ ФАИК - 17
3. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД - 33
4. АРСОВ ДРАГИ – 51, 56, 64, 65
5. ГОШЕВ ПЕТАР – 7, 77
6. ДАВЧЕВ САНДЕ - 49
7. ДИМОВ ТОДОР - 66
8. ИВАНОВ ИВАН - 59
9. МИЉОВСКИ ЈАНЕ – 25, 26, 57, 65 (Министер на Владата на РМ)
10. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 1, 5, 6
11. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 46
12. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 72
13. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 20, 31, 32
14. СИЛЈАНОВСКИ НАУМ - 70
15. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР – 37


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од третото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јуни 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија во сала 1, со почеток во 11,55 часот.

На седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Денес почнуваме малку подоцна на молба на претставникот на Владата кој имаше ненадејно друга обврска.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Зоран Крстевски Флоре Масалковски, Димитар Поповски и Љубисав Иванов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Збор има господинот Фаик Абди, она пак не е присутен, има господин Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сметам дека од важноста на овој закон што ќе се донесе историјатот негов да нешто во корист на таа допринесиме колку можеме за неговата примена и остварување да биде што поправилна затоа сакав да изнесам некои свои согледувања а сум свесен за тоа дека досегашните дискусии веќе се исцрпени материјалите и дека треба да се приведува при ркај а со тоа што сакам да унапред кажам дека донесувањето на овој закон треба што

побргу да го донесеме, ден порано, затоа што веќе напнатата ситуација и створената ситуација во сите стопански организации каде што се очекува оваа трансформација веќе како да попушта работоспособнсота и да се чека се на ова и од овие соображенија секое одлагање, секое доцнење ќе биде во голема штета не само на тие стопански организации и тие вработени во тие организации меѓутоа на целиот наш македонски народ и затоа го поздравувам донесувањето, ќе гласам за него но сакам да направам неколку забелешки кои би требало при донесувањето да ги имаат во обѕир колку би можело тоа поправилно да се донесе, сум свесен аз тоа дека нема идеално, и нити можеме идеално да го решиме, ами да не се крупни овие престапите и грешките што ќе ги сториме, така да дојде до поправилно донесување. За донесувањето на овој закон се приклучувам кон она што некнешното излагање на координаторот на нашата пратеничка група која укажа на некои клучни моменти кои треба да се имаат во предвид во ова донесување на овој закон и затоа се придржувам кон тоа и гледам дека правилно е да се укинувањето на донесувањето на сите досегашни откупени претпријатија со фиктивните акции и со непочитување на донесената одлука на поранешната влада се до донесување на овој закон да не се оди кон трансформација само би можело да се допушти на оние претпријатија кои извршиле поправилно трансформирање, односно приватизација на овој капитал што самите носеле од дома или нивни готови пари во откупот на претпријатието а никако со акции кои се такви и за мене измислени и створени по мене тие акции покрај тоа што не се правилни или дозволувам да се купува уште еднаш со државен со државен значи со свои камења по глава се маваме. А од овие причини да речеме имам 500 иљади плата 300 оставам за акција а 200 да ги земам за издржување на фамилијата. Се прашувам тие 300 иљади што ги остава за фиктивна акција дали на тие 300 иљади не требаше да плати доприноси уште ако не 300 барем 250 -260. Дали за тие пари не се користи откуп на акцијата.

Со тоа секаде што е направено така неопходно е поништување и да се подвргнат на строга контрола и ревизија и укинување. За мене само оној кој однел од дома пари да вложи за акција е правилен откуп, а не со туѓи пари, туѓ имот.

Од дискусиите произлегува и тоа дека не сме готови, немаме капитал, застарена технологија, а ако што реков порано ако причекаме уште малку таа технологија не да биде застарена туку ќе биде уништена и тој капитал ќе го доуништиме и затоа што побрзо да се направи и да не дојде до поголемо отуѓување на неправилниот створен капитал од целокупниот македонски народ. Кога го велам тоа не е створено само од нив, туку е створено од сите работни луѓе во Републиката.

Никако дозволување само ценење на капиталот. Тоа веќе, незнам како да речам, ќе ни се смеат и оние луѓе кои што немаат никаква врска со економија, пазар, продавање. Како би можел јас ова ако го купувам јас да го ценам колку вреди тоа. Исто така укинување на купување на материјалот со отпис по книговодствена вредност. Книговодствената вредност знаеме дека со амортизацијата, со годините, со инфлацијата дошла до некоја мала сума и на таа сума ако се цени тогаш значи дозволуваме да го отуѓиме така, така да не ќе можеме да добиеме средства за ниедна дејност што сакаме со овој закон, да издвоиме било за работниците што ќе останат под стечај, за трансформација, за поранешните сопственици, за штедачите итн. Ако одиме по тој пазарен објект Јас еден ваков пример би кажал. Знаете сами што сте тука стопанственици, директори на наши организации колку коли и камиони вие имате продавано, а веќе по книговодствена вредност биле отпишани. Ако му ги давате на друг ги лицитирате. Зошто не му го дадовте по книговодствена вредност. По книговодствена вредност ќе го земеше за ништо, а ако на вредност. По книговодствена вредност ќе го земеше за ништо, а ако лицитирате таа книговодствена вредност нараснува 50,100

пати повеќе Значи иако по книговодствената вредност машината, или средството за работа е отпишано тоа си има своја друга голема вредност и ќе треба тоа да се цени на лицитација, не така како што е отпишано туку по сегашната негова вредност. Ако е така по книговодствена вредност се што е отпишано треба да го исфрлиме од употреба ако не чини, ако нема своја вредност. Зошто ги чуваме во халите и ништо со нив работиме. Многу сме скокотливи околу процената и сега не сакам никого да окривувам, ниту стопанствениците, директорите, но зошто некогаш не рекоа, сега велат толку попуст, бесплатно да се поделат а каде беа овие истите луѓе да речеа кога беа во загуба, кога целиот народ издвојуваше санација, санација за да го оправи претпријатието. Колку пари досега се дадени за закрепување на тоа претпријатие од целиот македонски народ. Сега да му дадеме, се согласуваме па да му дадеме попуст 15, 20 или бесплатно. Што е со тие пари овој народ што ги даваше. Нека ги вратат тие санациите валоризирани па после ќе му дадеме не 10,20, 30,50% отпис. Значи секако ова излегува како оној што вели секаде јас губам ама кога ќе се степам добивам. Зошто? Што добива, ќотек. Или другото. Сакам вистина да биде со попуст секаде, меѓутоа еве што ќе се јави една работа овде. Попуст ако е во готово толку посто, колку сака со марки толку посто, значи секогаш сиромавиот го тераме да го извлече најдебелиот крај. Нема тој да даде попуст, треба со вложен..., тој што нема пари, нема попуст, а оној што има пари има попуст, оној што има марки да има попуст. .За мене тоа не е исправно. Сите треба да бидат во ист когрставени, граѓаните на Република Македонија. Или пак друго едно. Тој попуст до каде би дошол 20 за ова, 15 за она, 13 за она и кога ќе го собереме тоа ќе излезе 90 или 100% Што ќе продаваме тогаш. Значи да кренеме раце дај го таму што сакате правете речи. Не е за уцена ова. Треба тука повеќе Владата да размислеше. Јас сметам дека Владата, и истите луѓе што го носеа ова  се сложија со таа одлука да се забрани на

ваков начин да се оди. Како после со дополнување, со измена на оваа Влада, што велам јас дека не беше целосно избрана затоа што таа беше дополнета Влада, таа истата Влада дополнета со неколку министри и не го спроведе тој закон. Истите беа тие што го изгласаа тогаш па после дојде друг, се укина тој за да може да се оди во ваква работа и сега створаме нервози во народот со ваквите предвидувања. Едните го бранеа тоа, истите а сега се појавуваат пак истите да го бранат истото. Ако вака продолжиме јас сметам дека јас сметам дека најсилниот закон лежи во народот. Немојте со ваква трансформација која не ни личи на приватизација, туку ова е префрлување топката од голманот до бекот. Затоа ако одиме да одиме на вистинска приватизација а не сега да донесеме таков закон со кој што, јас пак ќе го речам моќниците ќе се јават тука најголеми и народот сметам дека ќе биде доста истиснат и ќе се јави другото а посилен закон од народот нема. Ние овде илјада закони можеме да донесеме ама да го знаете ова "кај што народ плука река тече". Немојте ова да се случи како и со штедачите и со другите работи.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

(Од место - ќе ги чува полицијата)

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Ќе ги чува полицијата ама не може и полицијата да ги чува еден ден. Може полицијата да: чува 10, 15 а сите не може да ги чува. Затоа предлагам Владата да има во предвид што ќе стори со овој закон и да ги преиспита сите овие предлози, било од усвоени амандмани, било од предлогот на Владата, а и од досегашните дискусии да се донесе нешто што е порационално, поточно, поблиску до народот затоа што само така можеме да одиме кон таа приватизација и народот да може поболно да

го прифати овој закон. А не треба да се срамиме, и тоа ќе го речам зошто нећни стана во дискусијата немојте да се вика арамија, арамија, а што те вреѓа тебе арамија, мене не ме вреѓа ако ме викате арамија. Што ако ме викаат арамија. Ако сум украл тогаш ќе се вреѓам, ако не сум зел како можело, сега во дискусиите излегува ако некој се јават со капитал да вложат ќе бил арамија со својот ка- питал, а овој туѓиот го зел не е арамија. Не може тоа таква работа. Нема логика тука. Зошто не е арамија. Ние ги истепавме штедачите не им ги даваме своите пари, моќникот подига 40 илјади марки. Не сум арамија. Е што си бе ако не си арамија.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

(Од место кој вели. така)

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Па тој Ѕинго,што седи тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да разговарате со говорникот. Само он има право да зборува сега.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Затоа не треба да не вреѓа. Народот погодува некои работи. Можеби се не знае, ама доста работи знае и за ова ќе погоди многу работи и не треба да не вреѓа. Мора да се почитува и народот, а и од нећнашната дискусија во Комисијата за стопанство мене ми се чини како да три-четворица таму директори не им е по желба да се приватизира. Повеќе им одеше кон некаква трансформација, и тоа убаво го велат тоа трансформирање. И дека не е можно на ваков начин, а можно е да се

ослободеле со тоа ослободување...

(Реагирање на некои пратеници од место)

Предлагам Владата што побрзо да го изготви и достави Законот со овие забелешки. Да се отстранат секакви влијанија за немање контрола немање цена од надвор, извршување контрола, ревизија на досегашните отстранувања на оние фиктивни акции и само вложените пари на она претпријатие кое вложило така јас го поздравувам, само кај него да се изврши контрола како е до тоа дојдено, и таму да не има некоја магија што се вели направено.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, сите говореа за значењето на овој закон и јас го делам тоа мислење иако и по неговото усвојување нема бргу да не огрее сонце. Неколку добри страни вредат да се потенцираат кога е во прашање овој закон пред да кажам и некои забелешки кои што остануваат според мое мислење слаба страна.

Прво, јас го прифаќам основниот принцип, доминантниот во овој закон, да се купи, да се плати, да не се подарува. Тој принцип е добар. Во него е вградена коректурата за попустите на вработените и правото на подеднаквите услови, иако таа коректура не е во согласност со основниот принцип купи па плати. Но тоа е извесен социјален компромис исто како и прифаќањето на таканаречените интерни акции не- зависно од тоа со која правна доследност се брани нивното акцептирање и прифаќање, иако и за тоа прашање имам големи резерви.

Второ, добро е што се застапени речиси сите други типови приватизација освен г бесплатното распределување, иако бесплатното распределување има многу, во огромни размери но за тоа ќе кажам нешто подоцна. Мислам на најмалку петте начини, модалитети на приватизација продажбата на идеален дел, откупот на претпријатие, откупот со доминантен сопственик кое што останува со извесни дилеми

II/1/ЛП/ОМ

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Давањето акции заради прибирање средства за дополнителни вложувања, претворањето на побарувањата на доверителите во траен влог, добро е што тука се предвидени и закупот и франшинзингот итн. Речиси повеќе моделитети и не може да се смислат се што е она од практиката вградено е како моделитет и на приватизација. Но, остануваат неколку важни слабости, според мое мислење.

Прво, концентрацијата на овластувањата на агенцијата со разновидни права, за што зборував и при првата расправа во врска со овој закон. Тоа е нејзината стручна задача, надзорот кој што и се доверува на агенцијата. Второ е големото право и проблемите кои што може да настанат, управувањето со капиталот што ќе биде пренесен како удели или акции, прво како преференцијални акции без право на глас, а потоа веднаш и со право на глас. Тоа е таа пара државна институција преку која настанува поддржавување на капиталот и контролата ќе ја има фактички извршната власт.

Второ е преку акумулирањето на средствата од продажбата и дивидендите, кои исто така ќе се слеваат во агенцијата, односно целокупниот непродаден капитал во роковите предвидени спрема законот ќе се слеат во агенцијата и по извесно време се право на управување односно со нивно претворање во обични акции. Тоа е според мое мислење голема слабост на овој закон. Сето тоа заедно оваа агенција може да ја направи премногу моќна институција како средство

на извршната власт или Владата премногу трома и со голема потенцијална опасност за така наречените корисни малверзации. Од претставници на Владата сме слушнале дека треба моќна организација, моќна институција што ќе го обавува сето тоа, да, но најмоќна институција во врска со капиталот беше државниот социјализам и се знае што се случуваше со капиталот во државниот социјализам. Затоа, треба да се размисли.

Исто така, бидејќи продажбата на преостанатото од она што веќе е приватизирано, легално и нелегално, нема да оди брзо бидејќи кеш капитал нема и нема да има многу, најголемиот дел од капиталот ќе се преноминира како капитал на агенцијата односно преку неа на државата како што рече. И бидејќи во меѓувреме нема соодветни решенија за управување на претпријатијата што ја почнале или што не ја започнале приватизацијата, натамошното одвивање на сивата приватизација, на дивата приватизација и на кражбите - пак ќе го употребам тој термин без оглед кој се лути и ќе кажам зашто ќе го употребам ќе продолжи. Во законот има обид за зголемување на контролата низ некои предложени решенија кои отсуствуваа во претходните предлози и фази на расправата. На пример, се предлага формирање на надзорен одбор, тоа е новото во овој предло1 за контрола во претпријатијата кој што доминантниот сопствени со 10 или 15% од вредноста на претпријатието ги добива управувачки права. Значи, во тие претпријатија со доминантен сопственик имаме надзорен одбор кој што има права да ја контролира работата во врска со приватизацијата на таквите претпријатија. Другата контрола што е вградена во законот е јавниот обвинител. Што е слабоста на овој вид контрола, на вака дадените институти? Тоа е контрола од

дистанца , тоа е контрола од надвор, а кога се во прашање пари, кога е во прашање капитал, праксата покажа дека таа ни од далеку не е доволна ако нема институти на самоконтрола во претпријатијата. Затоа е најголемата слабост на така наречениот општествен капитал , за тоа е разликата во ефикасноста меѓу приватниот капитал и меѓудржавниот или овој квазидржавен како што е формулиран општествениот капитал. Значи тоа се институти кои што се од надвор. Ние и сега имаме институти за контрола, правобранителство, служби за општествено книговодство итн. има прописи и др., но контрола нема во врска со употребата на капитал одлевањето на капиталот, незаконските дејства, неплаќањето према државата на обврските итн. Значи, нема голема надеж овие два институти да ја завршат работата успешно или да го попречат или да го намалат оној процес што би го нарекле сива приватизација, дива приватизација или со народскиот израз едноставно поткрадување на општествениот капитал.

Од тие причини, јас и овој пат потсетувам на неколку мои предлози при првата расправа за оваа материја.

Прво, предложив да се формира фонд за развој, кој ќе стопанисува со средствата уплатени од продажбата на претпријатија и од дивидендите од преференцијалните акции. Овде се предвидува 2 може и 2%, но подобро 1% да е дава дивиденда од преференцијалните акции. Тоа значи дека агенцијата треба да остане само со стручните технички задолженија во постапката на сопственичката трансформација и приватизација, како и некои други јавни овластувања опре делени со законот. Фондот за развој на Република Македонија треба да биде тој кој што ќе управува со капиталот од уплатите, дивидендата, од преференцијалните акции. Покрај овој фонд, тогаш предложив и

формирање на фонд за надомест на штета на поранешните сопственици и тие можеа однапред да добијат 10 - 15% преференцијални акции. Овде се предвидува дека ќе се надоместува од купот на пари итн., овде ќе можеа да видат луѓето дека има специјално формиран фонд за таа работа, па ако тие средства не се доволно можат да се бараат други извори, ако остане дел од тие средства многу лесно е да се приклучат кон фондот за развој на Републиката.

Истовремено предложив формирање и на фонд за земјоделското земјиште, и ако земјиштето е оставено по страна, иако стои фактот дека 80% од земјиштето е приватно, 20% од земјиштето е во така наречената општествена сопственост. Во вид на приоритетни акции можеше да се направи конструкција 15 до 20% да добие фондот за пензиско инвалидско осигурување, 10-15% да добие Фондот за надомест на штета, 60 до 65% да добие Фондот за развој на Република Македонија, а ако е на едно место стручната и друга контрола кај агенцијата, на друго место е управувањето, има шанса и за меѓусебна контрола и за полесно откривање на некои појави што можат да се појават во текот на приватизацијата, и ако и тоа не е гаранција за непресушните идеи во врска со одбегнувањето на плаќањето на тоа што ќе се земе. При тоа предложив почитување на интерните акции и ако тоа се уште еден наш бисер, уште еднаш сведок за времето на нашите лудости, ако се издадени според тогашниот за- кон , и ако нема оправдувања за тој вид акции, но пак во рамките на некаков социјален компромис да можеше да се голтне тоа што е направено повторно по невидена светска практика. Исто така предложив, и сега го повторувам тоа, секоја добивка на претпријатието да се дели на познати сопственици бидејќи ќе продолжи функционирањето на општествениот капитал до неговата конечна

приватизација, ќе продолжи создавање на анонимен капитал и затоа предложив да нема повеќе создавање на анонимен капитал, туку добивката од претпријатијата кои се уште нема да бидат приватизирани, а ќе потрае подолго кај некои од нив, да се подели, во нејзината делба да учествуваат работниците, фондовите институционални, работоводниот орган и така нема анонимен капитал освен преку овој државниот или парадржавниот фонд, за да не се создава во меѓувреме анонимен капитал. Во тој ред на нештата предложив во претпријатијата каде што преференцијалните акции се со поголем процент од процентот кога управувачките права ги добива така наречениот доминантен сопственик со 10-20% или повеќе, тоа е конвенција, од вредноста на претпријатието да се формира управен одбор од 10 до 16, од 8 до 14 или не е важно колку членови во кои поло- вината од нив се од редот на вработените во претпријатието работници, службеници, работоводство, а половината да бидат надворешни членови, доверители, сопственици, стручњаци. При тоа, синдикатот да делегира два претставника во тој управен одбор , претседателот на управниот одбор се разбира при парен број на членовите да има два гласа, ако претпријатието не може да исплатува еден до два проценти преференцијална дивиденда, во тој случај тие стануваат обични, а фондот за развој на Република Македонија задолжително да делегира по 2 члена во управниот одбор на претпријатието. На овој начин мислам дека има нешто поголеми изгледи за контрола и само контрола <врз процесот на приватизација, иако пак да кажам ни тоа не е гаранција дека нема да се изнаоѓаат други модалитети затоа што ова е исклучително сложена работа каде што нема аргументи, нема факти, има само интереси кои на сите начини се

обидуваат секој од социјалните слоеви максимално да ги протнат, да ги остварат, независно од вистинското право и вистинскиот придонес.

Сето ова што го говорам воопшто не попречува ниту еден од начините за приватизација предвидени и набележани во законот, што се предлагаат во врска со големите претпријатија, со средните и малите претпријатија.

На крајот, би сакал нешто да кажам за оправданоста, не оправданоста на терминот грабеж. Како што реков тој термин и јас го употребувам и ќе го употребувам се додека ја с констатирам дека таква појава од поголеми раширени размери постои во нашава држава и тоа не го употребувам поради злоба или садомазохизам како што се изјасни еден господин од оваа говорница, поради тоа што се случува во повеќе претпријатија во една мошне раширена појава веќе подолг период едноставно го знае секоја кафеготвачка во таквите претпријатија, а им се извинувам на кафе готвачките што ги спомнувам, ги спомнувам само заради тоа што не се бават со финансии, не се бават со трговија, а сепак знаат што се случува, а уште повеќе знаат тие што малку имаат претстава во врска со финансиите и начинот на работењето во овој период на ваква критична точка во која што се наоѓа моралот и примената на законите и прописите.

Инаку, генезата на таканаречениот општествен капитал, доминантниот начин на акумулација на тој капитал говори дека тој не им припаѓа на оние што толку форсирано сакаат да кажат дека ете ним им припаѓа, тие го создале итн. и дека во најмала рака им припаѓа на три вида сопственици - на поранешните сопственици секако им припаѓа, на државата која што и тогаш имала државен капитал секако и припаѓа дел,

на граѓаните секако им припаѓа заради начинот на акумулација на тој капитал, и вработени и невработени и во стопанство и вонестопанство секако им припаѓа заради тоа што се друго , едноставно битка на наметнување на нечии интереси кои поаѓаат од позицијата на луѓето каде што се наоѓаат.

А кога сме во со позицијата, да не ми забележи некој ако мисли дека бранам некоја своја позиција, според позицијата јас би требало да се заложам ваучери да се поделат, бидејќи јас на друг начин не можам да добијам капитал, но не се залагам за ваучери и за бесплатна поделба. Затоа, мислам дека имам морално право на овој начин .да -го образложувам својот став.

Да не заборавам дека овој капитал им припаѓа и на девизните штедачи, како луѓе со евидентно одземена сопственост и тие се маркирани со евидентно одземена сопственост. Сите други дискусии за посебни права на еден одреден социјален слој имаат мошне малку со вистината и правичноста, а најмногу со социјалната демагогија и со сопствениот интерес кој што сепак е легитимно да се брани, ако може да се протури. Создавањето атмосфера во една матна ситуација кога слабо функционира правото, кога длабоко е нагризана законитоста, кога постои длабока криза на моралот каква што е во нашево општество во овој период, едноставно служат да се улови нешто повеќе за себе и што понабрзина. Од друга страна пак ние што не сме за бесплатно делење, земање на општествениот капитал сме во големо задоцнување кога сето ова го кажувам иако порано сме го кажувале, бидејќи значителен дел од општествениот капитал веќе е поделен односно само подарен и тоа

може многу јасно да се констатира, ако се сака да се констатира. Делот по основ на интерните акции е само поделен капитал доколку се сака тоа да се признае, најверојатно и ќе остане така и онаа контрола која што е предвидена за тоа дали е поста- пувано така според тогашниот закон за општествениот капитал и личните доходи, дека ќе видиме каква доследност ќе постои да се реализира. За тоа ќе зборуваме потоа, јас изразувам уште сега големо сомневање во врска со тоа. Приказните и за помалку издвоени лични доходи , имаше еден аргумент спомнато дека се издвојувани помалку лични доходи па тоа дава поголемо право да се учествува во капиталот заради тоа што жртвувано е ова, жртвувано е она, можело тоа да се' изрази, а можело и да се подели и т.н. Сето тоа исто така преставува еден аргумент за некои кои што го споменуваат. Меѓутоа, тој аргумент е многу тенок заради тоа ша во услови на нереална амортизација, а ние имаме континуирано не реална амортизација, континуирано имаме потценета вредност на основните средства, книговодствената вредност знаеме како се набележува, во такви услови да се тврди,-тоа е исто така многу дискутабилно и јас можам да ви кажам за тоа еден еклатантен пример кој кому му должи, дали личните доходи на капиталот или капиталот на личните доходи. Во светот , оној што е пристоен, оној што е развиен свет, просечната стапка на репродукција на капиталот, она што се издвојува за амортизација и акумулација заедно обезбедува репродукција на вложениот капитал во просек за 8 до 10 години. Денес има гранки кои што тоа го прават и за 4 години, некои и за помалку, за 3, најпропулзивните, а господа кај нас во времето кога не беше отпочната оваа војна и растурен пазар просечната стапка на репродукција на капиталот изнесуваше повеќе од 20 години, 26

години изнесуваше. Денес таа е недвосмислено дуплирана, триплирана итн., па кога ќе видиме кој кому му должи ќе констатираме дека на капиталот му должиме сите ние повеќе ,а во здрава економија капиталот е тој кој што треба д добие прв плата бидејќи тоа е опстанокот, а потоа се друго. Тука е и поволноста со 70% односно 90% да се земе дел од општествениот капитал со попуст, иако е ограничен и тоа е подарок, тука е огромното неконтролирано прелевање, земање на општествениот капитал во приватни раце како што се одвива во овој период и уште ќе се одвива, и ќе кажам уште малку зашто. Според тоа, ние може да одлучиме купување или подарување, иако како што реков континуирано се одвива интензивниот процес на самоподарување, а самоподарувањето ќе продолжи заради тоа што веќе во овој закон има дека во рок од една година едните имаат право да ја доенсат одлуакта за приватизација, другите во рок од две години, па потоа настануваат другите проблеми околу техничката реализација. Овие три години пред тоа што продолжија на овој начин да се одвиваат и овие година до две што ќе продолжат» да ја даваат сличната шанса за одлевање на капиталот, и тоа ќе го зголеми капиталот на страната што би го нарекле само поделен капитал. И сега, од тие причини ние може да се прашаме само до кога ќе трае тоа, чија е кој е одговорен што тој процес во таков интензитет се остварува , колку е тоа одговорност на сегашната извршна власт и колку е на овој парламент заради одолгувањето на поенергични акции во врска со тоа.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Трета година тече како што реков таа приватизација без закон ќе потрае уште една, до две години, додека имаатправо да го оддолговлечуваат претпријатијата со донесувањето на одлуките и потоа и во такви услови ќе има големи проблеми, заради тоа што контролните механизми досега се апсолутно отсутни, заради тоа што контролните механизми во овој закон се исто така недоволни и заради тоа што на тие укажувања извршната власт, можеби и овој парламент долго време останувавме прилично глуви.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас уште првиот ден имав намера да кажам збор, два за материјата што ја разгледуваме, наиме по законот за трансформација на општествениот капитал како прв чекор, прва фаза кон промена на сопственикот на капиталот што секако од нас се бара како држава, како земја, како граѓани да го направиме тоа што попрецизно и подостоинствено за да може еден ден тие акции што ќе ги имам јас да речеме во мојата фирма каде што сум дал свој труд, каде што имам свој минат труд и секој од вас, секој наш граѓанин, затоа што јас мислам дека оваа чаша е моја имам дел вложено таму, а сите мислиме дека чашите се наши, еден ден да можам моите акции да ги продадам притоа што сакам да остварам некој профит на некое друго место, а не таму каде што работев 35 години. Прво, мислам дека треба да се даде големо признание на авторот на материјалот господинот министер има едно огромно значење овој материјал и ако навлеземе длабоко во неговите предлози, во сите пори што ги предлага, тогаш ќе мора да дојдеме до едно сознание дека таа материја ниту малку не е лесна, ниту малку не е да речам таква за да може овде да профитираме, да кажеме едно, или друго на адреса на партии,на лица. Мислам дека треба да разговараме и да предложиме,

да кажеме само од аспект како граѓани,како пратеници, како одговорни како компетентни, затоа што сме пратеници, мислам дека сме компетентни. Сега кој колку ја разбира материјата, тоа е друга работа. Јас сметам дека сите ја разбираме материјата. Па во тие рамки јас ќе се потрудам да кажам онолку колку што малку ја разбирам материјата, да дадам свое мислење. Знак, прашање е колкави акции, во кои претпријатија, во кои области од нашиот живот, во кои гранки е нашето поединечно учество, односно земајќи глобално како гранка во рамките на вкупното стопанство. Ако знаеме дека одредени делови од стопанството биле под други услови на стопанисување, по поволни услови, некои во понеповолни услови, некои перманентно биле со загуби, знак прашање е дали целиот вложен труд има негативен карактер. Сметам дека тоа е една голема работа на која треба човек да се замисли. Ние имаме работни организации кои што секогаш перманентно искажувале загуби и пак прашање е дали е тоа негативен минат вложен труд и што е сега ако имало секогаш негативен вложен минат труд и секогаш се покривале со одредени дотации од другиот дел кои што имале по поволни услови на стопанисување. Тука треба да се објасни некоја работа.

Втора работа, пак околу ова стопанисување е еден факт што ние иако овде се критикуваше одредена состојба, ако сме во сознание што е тоа од 1944, 1945 и сега и се што е создадено со колкав труд и колкава мака итн., без разлика дали тоа било на доброволна база со ударни акции, меѓутоа, тие вложувања, тие отплати итн., тие се резултат на труд. И ако направиме споредба помеѓу личниот доход и капиталот, за кој претходниот говорник зборуваше ние можеме да дојдеме до повеќе сознанија и повеќе заклучоци од тоа можеме да изведеме, кој на кого му должи. При ова секако ќе мора да ги имаме во предвид најпоследните состојби со водењето на книговодствената евиденција во фирмите околу капиталот, па ревалоризацијата, ревалоризираните коефициенти, па амортизацијата, постоење на амортизација, непостоење на амортизација

итн. Меѓутоа, како што знаете средствата стојат. Сега ако со законот е кажано тоа што е тоа што подлегнува под овој закон, средства, извори на средства. Јас еднаш поставив прашање каква е активата и пасивата на Република Македонија на целото стопанство замислено како една фабрика во Република Македонија. Тоа е тоа што ние денеска расправаме каква ни е Македонија, какво ни е стопанството. И ако од вкупната таа актива ги земеме обврските, она што останува колкаво е и што ни следува? Јас мислам дека предлогот на законот е убава работа, перфектна работа, треба да го поддржиме и јас лично давам голема поддршка на тој предлог се разбира со сите недостатоци и мани што ги има. Сигурно д-р проф. Јане Миљовски не можел да увиди се како што и порано јас реков на аптекарска вага тоа да го стави и така да го измери, меѓутоа мораме да бидеме свесни дека еден добар дел од нас може би знаеле, а може би не знаеле каде се пече лебот, каде била нивата, каде се садело итн., сакам да кажам едно горко искуство на тие што работеле и тие што сеуште работат треба да го цениме тоа и трудот, интелектуалниот труд на овие што го направиле, што го предложиле овој закон заедно со измените што ги предлагавме порано сметам дека треба да се прифати. При што гледам дека не треба да потпадне под критика она што и досега е вака услови поделено. Се зборува за општ грабеж. Ние имавме општ грабеж откако постоиме и сега има некој си грабеж на многу места, во многу фирми, во многу дејности и ќе има се додека не бидеме здрави како држава се додека не бидеме здрави со нашите закони кои што треба да ги донесеме, а видливо е овие две три седници ние имаме многу мал број на присутни пратеници, кога разговараме за овој закон. Овој закон има несомнено,една од најголемите вредности и предности како што е и Уставот на Република Македонија, меѓутоа, за жал не сме тука за да поразговараме малку својски за овој закон и така да го  елабориреме за да може нашиот работник да го разбере онака

како што предлага законот, односно како ќе се усвои со неговите измени. Давајќи поддршка на предложениот закон има одредени состојби кои што треба да претрпат измени, неколку амандмани. Кога ќе дојде време за тие амандмани ќе расправаме, јас ќе дадам поддршка, меѓутоа сум во глобала и за една работа, за оние претпријатија каде што работат инвалидизирани лица мислам дека некои луѓе предложија, некои колеги пратеници предложија нешто, тоа треба да биде предмет на расправа и треба да се поддржи такво нешто и тие да се изземат од Законот. Тие и понатаму да останат под вршникот на државата, заради тоа што во принцип мислам дека на секаде тоа е така. Мора да внимаваме на таа категории луѓе и на таа категорија материјални добра што ги имаме создадено. Јас верувам дека со оживотворување на овој закон сигурно под други услови отворени граници, трансфер на капитал, на идеи,на мисли итн., сигурно од сите вработени и сите кои што имаат дел, удел свој ќе бидат многу повеќе ангажирани, а тоа значи онаа флексибилност, односно ефективноста во работењето ќе биде со подобар резултат.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, не би сакал од мојата дискусија да се добие погрешен впечаток и затоа веднаш на почетокот сакам да истакнам дека сум за приватизација, но никако не на овој начин и со овие манипулации, со овој грабеж што се врши последните неколку години откако сме ние овде во пратеничките клупи. Сметам дек а тоа го кажа и министерот господинот Миљовски, сите експерименти што во бившата СФРЈ на кој како ќе му текнеше во својата глава во Белград единствено овде кај нас во Македонија наоѓаа примена, почнувајќи го законите за национализација, за колективизација па се до овој последниот на господинот Анте Марковиќ со приватизација преку таканаречени интерни

акции. Мислам дека она што сега се случува кај нас, јас не верувам дека постои некаде на Земјината топка поеклатантен пример на грабеж, на корумпирана државна администрација, на корумпирани државни служби кои што се најдиректно вклучени во тој грабеж и што ние како парламент, а не сакам да зборувам за извршната власт, за владата, се најдиректно вклучени во овој грабеж на столетието и мислам дека секој во иднина ќе мор да се соочи со својата одговорно< а посебно тие што краделе. Мислам дека ниедна идна влада нема да им прости на сите оние кои што на еден нелегален начин се збогатија. Господинот Миљовски на почетокот на своето излагање повика на општ консензус што за мене звучеше малку Донкихотски од причина што мисла дека при еден ваков антагонизам овде во парламентот некој да повикува на консензус, а притоа за цело време на бескрупулозен начин се манипулира со опозицијата во парламентот, со македонската јавност со граѓаните за мене мислам е еден навистина донкихотски и наивно искажување. Исто така, да се повикува на консензус мора да се има и тоа во предвид дека овде во парламентот во голема мерка се застапени и личните интереси на еден добар дел од пратениците и тука не помагаат ниту партиски директиви, ниту било какви повици за консензус тука едноставно еден добар дел од пратениците си имаат свои лични интереси кои што ќе си ги бранат, а тоа е мислам народот кога ги гласаше тие пратеници тоа требаше да го има во предвид. По мене да се оди во приватизација, а пред тоа да не се изврши денационализација е навистина една трагикомична ситуација, еден трагикомичен предлог од причини што мислам дека сега ќе се доведеме во една ситуација на уште поголема збрка каде што одредени субјекти, стопански ќе бидат приватизирани, а истите тие можеби веќе имале одредени газди кои што, мислам онаа власт 46 година повоена им ги национализирала. Затоа сметам дека најпрво требаше да се предложи и да се реализира и да се предложи

закон за денационализација и да се види што може да се приватизира, а што не може да се приватизира.

Исто така, втор момент многу важен по мене кој што требаше прво извршната власт да го реши е проблемот на решение на заработените девизни заштеди на граѓаните кој што проблем оваа власт требаше и досега мораше да го реши, но од разно разни причини не сакаше да го реши. Сметам дека не можат одредени банки да се прогласуваат за акционерски друштва по законот на Анте Марковиќ а истите тие банки на граѓаните да им должат толкави суми пари. Оваа Владата мислам не смееше ни да оди со ваков предлог овде пред нас во парламентот се додека не го решеше овој проблем и проблемот на банкарството. Сметам дека тоа е еден суштински проблем кој што мора да се реши, па дури потоа да се оди во приватизација за да може да се види што може да се приватизира, што не може да се приватизира. Сега се наоѓаме пред еден навистина замрсен проблем каде што на еден невиден начин им беа одземени девизите на граѓаните, а истите тие девизи беа користени од одредени стопански субјекти. Така што сега имаме случаи да одредени моќници изигруваат големи стопанственици, големи директори, а истите тие ги имаат користено девизите, секоја чест на поединци способни стопанственици и истите тие сега да ги користат девизите, девизните кредити од банките, парите кои што им се одземени од граѓаните. Сметам дека додека не се разреши овој гордиев јазол на заробени девизи, а тој може да се реши многу лесно, но тогаш одредени фирми не ќе можат да се приватизираат, не ќе може врз нив да се изврши приватизација и да се примени овој предложен закон од претходно споменатите причини. Тука многу важен момент е и тоа што еден добар дел од тие стопански субјекти своите девизни заштеди си ги чуваат во странските банки, а притоа македонската држава нема никаков увид колку пари се чуваат во странските банки. Сметам дека е тоа

криминал од прв ред и оваа држава и оваа корумпирана влада мора да најде начин да расчисти со тој проблем. Се додека не се расчистат овие проблеми не можеме да одиме во приватизација на стопанските субјекти. Исто така тука е важен по мене и еден друг момент, а тоа е моментот на партискиот имот, на оние партии кои што егзистираа пред плурализмот. Сметам дека партиите што егзистираа и сојузи пред плурализмот, за мене и тоа е еден вид грабеж на еден безобразен, на еден дрзок начин го отуѓуваат имотот давајќи го за багателни цени на одредени поединци или приватни фирми, или државни фирми и на тој начин се уништува еден имот во кој што вложувала целата македонска држава и сите нејзини граѓани. Исто така тука спаѓа и имотот што одредени стопански субјекти државни го продаваат и едноставно со добиените пари си делат плати. Тоа не смее било која држава да го дозволи. Исто така сметам дека во овој закон траеше да се дефинираат и јавните претпријатија, да се каже кои се јавни претпријатија, кои се тие државни субјекти стопански затоа што по мое лично мислење, а секој тука има право да си го каже своето мислење, не може да се приватизира една државна фирма за снабдување на населението со нафта и нафтени деривати Макпетрол, не може еден Макпетрол да биде акционерско друштво од причина што државата досега и премногу вложила и сеуште вложува зема кредити од странство, со тие кредити набавува нафта, истата таа нафта да ја продава, да ја дистрибуира едно акционерско друштво.

IV/1. -CJ/МЛ

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако навистина "Мак-петрол" и државата сака да биде акционерско друштво тогаш треба во иста положба да се стават и сите други увозници на нафта независно дали се тоа акционерски друштва со ограничена одговорност или приватни претпријатија.

Исто така сметам дека со овој закон требаше да се дефинира положбата на информативните гласила, на МРТВ и на "Нова Македонија", од причини што мислам дека овие информативни медиуми требаше да се подржават, да се кажат дека се државни медиуми или дека се јавни претпријатија и дека државата треба да изготви посебен концепт, цел кој што ќе ја регулира оваа проблематика.

Уште еднаш ќе повторам дека овие интерни акции му нанесоа многу штета на ова наше стопанство, овозможија еден невиден грабеж и преку разработената шема на вештачки стечај на фирми те кои се одвиваа преку одредени банки кои што ги контролираат најјаките политички субјекти во државата, а се знае тие кои се во стопански поглед, беше извршен невиден грабеж кој што од општествен имот помина во имот на субјектите кои што ги контролираат најмоќните партии во Парламентот, мислам на наследничките на Комунистичката партија. Сметам дека со овие фиктивни и книговодствени акции не смееше да се оди туку доколку се издаваа акции тоа можеше да го сторат единствено вработените со одвојување од своите лични доходи, со чисто ефективни пари.

Затоа сметам дека со ваков начин та приватизација главната цел добивање на ефикасни стопански субјекти кои што ќе можат да се борат и да опстојуваат на пазарот нема да може да биде постигната од причини што мислам дека тој што не вложил сопствени пари не може да се бори да опстојува на суровиот пазар. Затоа сметам, јас тоа постојано

го зборувам дека треба дел општествен имот во Македонија да се поддржави и почнувајќи од најмалите фирми да се оди на јавна лицитација со кеш плаќање. Сметам дека овој начин нема да даде резултати туку само ќе предизвика додатни социјални немири кои што сите ние многу убаво и во блиска иднина ќе ги почувствуваме.

И да завршам, јас го ценам трудот што господинот Миљовски го вложил. Тој кажа овде во своето воведно излагање многу индикативни работи, кажа дека се врши невиден грабеж, но сметам дека како претставник во извршната власт, како министер во Владата, мораше многу порано да укаже на овие работи и да преземе конкретни мерки за спречување на тој грабеж. А, доколку не беше способен да делува и да влијае во таа Влада постои чин на оставка од министерската фотелја, пред него имаше министри кои што си останаа достоинствени кои што не се согласуваа со политиките што ги водеа владите и претседателите на Републиката, на достоинствен начин дадоа оставки и си отидоа како неслагање со водената политика и јас го ценам министерот Миљовски и неговиот напор што го вложува и го вложуваше на ова поле, но мислам дека со вака корумпирана извршна власт, со ваков корумпиран државен апарат не може да се оди во една вистинска приватизација.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, јас немав намера да се јавувам за реплики, затоа што мислев ако човек еднаш се јави доволно е за разумните да оценат дали аргументите кои што ги изнел или кои што се обидел да ги докаже дали важат или не. Се јавив сега предизвикан од начинот на дискусијата на господин Пановски. Не е првпат во овој Парламент да дискутираме онака како што не треба, со навреди без докази, сега беа спомнати

зборови корумпирана Влада. Што значи тоа со нормален јазик во една правна држава. Тоа би значело дека господин Пановски сега треба за сите 20 члена од Владата да поднесе судски доказ дека биле корумпирани. Јас му благодарам што на извесен начин даде признание на мене, меѓутоа тоа мене не ми ја олеснува ситуацијата ако некој смета дека седам со други кои што се корумпирани, а јас сметам дека во Владата не седам со корумпирани луѓе и мислам дека тоа не е начин на дискусија. Зошто не е начин на дискусија. Видете, можни се два приода, два начина кон дискусијата за една проблематика.

(Реакција на дел од пратениците во салата).

Јас ќе зборувам за тоа што ќе сакам а вие ќе зборувате за тоа што вие ќе сакате. И во тоа е разликата меѓу вас и мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина ве молам, продолжете господине Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Меѓу вас и мене разликата е што говоревме за различни работи со различни зборови. Може на два начина да се аргументира. Може да се разговара за решенија во законот и да се кажат дали се тие добри или се лоши. Меѓутоа може да се каже дали предлагачот или Владата е добра или лоша. Ако докажете дека на пример предлагачот е лош, дали со тоа докажувате дека решението е лошо. Не. И тоа е она што постојано нас овде ни недостига како начин на однесување во Парламентот. Дискусијата никогаш јас нема да ја оценувам според тоа дали ја кажува господин Михаил Пановски и дали него го ценам или не или господин Фаик Абди и дали него го ценам, туку би дискутирал дали тоа што го предложиле е добро или не е добро. Не мора да се работи ниту за мој

симпатии ниту за мој симпатии кон нивната политичка линија, ниту ништо. Туку ќе ги коментирам решенијата.

Сега би сакал да дадам неколку аргументи околу корумпираноста и на кој начин беше изведена овде точка. Сигурно е дека во стопанските организации од секој вид има и чесни и нечесни работи. Сигурно и во трансакциите извршени досега имало и чесни и нечесни работи. На дел од нив и ја укажав. Меѓутоа, на вака генерален начин се да се прогласува за грабеж, видете малку е тешко. Треба да се направи макар една теоретска пристапница да се каже дека барем некој имало што бил чесен. Е, сега каде сега овдека во оваа специфична дискусија корумпираноста на Владата беше изведена од односот према девизните штедачи. Мене ми е жал што морам да го кажам тоа, меѓутоа јас се плашам или господинот Пановски не го прочитал законот или намерно нејќе да сфати нешто што ние овде нудиме, а ова е прв закон кој што навистина дава решение за проблемот на девизните заштеди. Зошто? Заради тоа што девизните заштеди само со овој закон фактички ќе можат да се валоризираат 100%. Со ниеден закон досега, со ниедно решение досега не можеа да се валоризира 100% во својот полн износ. Само со овој закон се дава да се валоризира 100%.

Е, сега, вие можете да го одберете моментот за политички маркетинг, меѓутоа ако тој политички маркетинг го правите врз база на еден закон кој што нуди решенија, а да кажете дека не нуди решенија, јас ќе бидам многу умерен и ќе кажам едноставно не е вистина. И како човек кој што работел на овој закон морам едноставно да реагирам на таа невистина.

IV/5.-

Понатаму, се говореше за тоа дека не се изземени јавни претпријатија, дека јавни претпријатија не можеле да одат во приватизација итн. Малку повнимателно читање на законот многу јасно дава одговор и на ова прашање. Многу јасно дава одговорот дури приближно и во онаа смисла во која што на изглед господинот Пановски и се залага. Меѓутоа, ако тој се залага за едно нешто, а тоа е во законот, а тој дискутира како да го нема во законот или не го видел или не го разбрал. Е, сега, видете, остринатa на дискусијата и навредите изречени спрема други луѓе не помагаат во тоа да се создаде навистина. Во законот пишува што ќе се прави и со еден и со друг и со трет вид, па дури и со "Мак-петрол" може да прочита господинот Пановски, а не го прочитал, не го прочитал тоа е доста јасно напишано.

Се спомнаа проблеми, цела низа проблеми кои што ги има оваа земја. Оваа земја има многу проблеми, има и во даночниот систем има и во банкарскиот систем има оваа земја проблеми на секој чекор. Дури слушавме и здравството. Дали сето тоа може да се реши со еден закон? Па, ве молам, дајте да бидеме реални. Немојте, ова не е закон за се и сешто во оваа Република, ова е закон за премин на општествената сопственост во приватна сопственост и привремено евентуално транзционо по некој друг вид сопственост. Само тоа го решаваме, ништо друго. Нити ги решаваме сите проблеми на здравството, нити целиот криминал, ние не се бориме против криминалците, на улицата со овој закон, не. Решаваме еден јасен процес и тој процес се обидуваме да го обликуваме колку што е можно покоректно и честно. И оттука видете уште еднаш, агресивниот говор не може да го покрие недостатокот на аргументи. Треба да се има аргументи за да се излезе пред оваа говорница за да се каже.

IV/6.-

И сега да не излегувам повторно пак како реакција на кажани работи, би сакал едно да кажам. Сигурно дека постои проблем со девизните заштеди. Меѓутоа, јас не се согласувам дискусија- та да се води како да оваа Влада тоа го направи. Оваа Влада сега дојде пред 6, 7 месеци. Дали проблемот со девизните заштеди е од пред 6-7 месеци, тоа треба господинот Пановски да го докаже за да може на оваа Влада да и импутира за тоа дека таа е крива за тоа. Дури уште нешто ќе ви кажам. Пред оваа Влада имаше друга Влада. И таа не го направи тоа. (Реакција на некои пратеници во салата). Господа, само помислите колку вас јас стрпливо ве слушав, штета што вие немате иста стрпливост.

Беше поставено прашањето за фонд или агенција и што е порационално. Дали ако ги делиме фондот и агенцијата на два дела дека тоа ќе биде многу добро, сигурно дека има елементи да се мисли дека делењето на двете едно друго ќе придонесе за поголема контрола, меѓутоа тоа истовремено може да донесе неефикасност на двете институции. Ние досега имавме фонд и агенција и од досегашното искуство видовме дека тие две институции се судруваат во своите ингеренции. Ова го кажувам заради тоа што има низа амандмани кои што ние ги одбиваме во овој правец и едноставно сакав да ја појаснам ситуацијата. Крајна вистина нема. Нема никогаш крајна вистина, меѓутоа дајте да тргнеме со оној концепт кој што го нуди Владата и јас верувам дека ниту кај нас ќе има таква тврдоглавост да она што ќе ни го покаже праксата да не може да оди да не го промениме. Ќе го промениме, меѓутоа дајте да тргне- ме со една јасна визија и после да видиме што е ефикасно што не е.

IV/7.-

На крајот само уште една забелешка. Имавме ние и ова е трет пат како дискутираме за законот, а дискутиравме многу во јавноста. Не очекував дека овој пат до таа мера повторно секој ќе си го рекламира својот личен концепт како би требало да се направи приватизацијата. Јас верувам дека секој има свои идеи, меѓутоа и јас дел од своите идеи ги коригирав, дискутирајќи со луѓе кои што знаат повеќе од мене, дискутирајќи со луѓето кои што работеа во работната група, се каравме меѓу себе, се расправавме за низа решенија. Јас се залагав за едни, тие се залагаа за други. на крај победија аргументите и сигурно дека сите во таа работа нешто научивме. Видете, ако стално се обидеме да не ги чуеме аргументите на противникот, да не разбереме што се целите и што се намерите, ако постојано инсистираме само на својот личен концепт на приватизација, многу тешко ќе дојдеме до решенија. Јас едноставно се надевам, а ова е можеби мој грешен впечаток дека сега овде долго се инсистираше на личните концепти дека кога ќе дојдеме до гласањето навистина ќе застанеме зад решенијата што ги нудиме како Влада, не заради тоа што Владата ни ги нуди и тие се секогаш најдобри, туку заради тоа што тие се меѓусебно усогласени.

Ова е еден многу комплициран закон во кој што промена на еден член може да предизвика дејство на целиот закон. Целиот закон е избалансиран во своето делување. Со амандмани кои што завлегуваат во суштина може да се предизвика сосема друг правец на делување на законот и никој не може повторно да земе одговорност како законот ќе делува. Јас само тој апел уште еднаш ќе го повторам, ве молам ако може да се задржи интегралниот текст на предлогот.

IV/8.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас господинот Миљовски и во мојата дискусија, ако внимателно ме слушаше, а јас не се срамам, ќе повторам, дека го ценам министерот Миљовски и како министер и како човек, што значи ако сум го рекол тоа не сум можел да кажам дека цела Влада е корумпирана. Избегнувам од секогаш да давам генерални оценки за било која проблематика.

Сакам да се осврнам на неколку моменти од излагањето на министерот. Тука стана пракса во македонскиот плурализам министрите а особено премиерот на оваа Влада од говорницата на пратениците им делат лекции и да даваат оценка за нивните дискусии. Сметам дека е во интерес на демократијата тоа господата министри да го сфатат дека не се тие како прво компетентни да даваат оценка за дискусиите на пратениците, туку пратениците можат да даваат оценки за нивните дискусии, за нивната работа. Бидејќи ова е дом на пратениците, а таму кај нив, во комшии, во Владата, можат да оценуваат, да не критикуваат итн. итн.

Јас кажав и останувам на моето мислење. Јас тврдам дека комплетно целата државна администрација на Македонија е корумпирана, секоја чест на исклучоци, на поединци. Но, корупцијата е навлезена тоа сакаме или не мораме да го признаеме во сите органи што значат државна управа, почнувајќи од царина, полиција, судство СОК, даночни инспекторијати итн. Времето ќе покаже, а јас мислам дека е тоа толку очигледно само слеп да не може да го види, а има една поговорка која што вели никој не е толку слеп колку оној што не сака да го види. Тоа многу лесно може оваа Влада да го утврди, да посочи кон поединечните корумпираности на многу едноставен начин. Нека се види, јас тоа го барам и за нас пратениците, нека се види на пример последните две

години ќе ги земам како пример, двеипол години од почетокот на плурализмот секој поединечно со каков имот се стекнал. Тоа може многу лесно да се направи во си- те органи на управата а мислам на оние раководни структури, со министрите, со пратениците, со нас. Сметам дека и меѓу нас има што се корумпирани, тоа е мое право, мое слободно пратеничко право тоа да го мислам и јавно да го кажувам. Затоа мислам дека и народот нас не бирал, доколку, повторувам оваа Влада сака со тој проблем да се занимава и да го реши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Готово, вашето време за реплика измина.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

И уште нешто, многу кратко. Проблемот со девизните заштеди, господинот Миљовски кажа дека тоа е наследено дека оваа Влада е само 6-7 месеци, сметам дека оваа Влада треба да каже дали може да го реши тој проблем или не може. Тврдам дека може тој проблем многу лесно да се реши.

Се извинувам на претседателот што малку го пречекорив времето за искажување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, реакцијата на министерот, треба да знаете, е врз основа на Деловникот, тој е овластен претставник овде и има право да изнесе свој став, свое видување, вие имате право, се разбира, да реагирате, но не му го порекувајте тоа право тој да каже што мисли. Тој е министер овластен овде да каже. Тоа е прво,

Друго, се разбира, сите што изнесуваме мислења имаме право да изнесеме мислења, но самото мислење не е доказ. За да нешто биде точно треба, покрај тоа, што мислеле така но треба да се наведе и доказ, но тоа е друга работа. Собранието е орган каде не можеме да изведуваме доказни постапки и слободни искажувања на мислења и тоа не е ништо необично. Нема опозиција која не е строга спрема позицијата, спрема оние кои се на власт, која не кажува такви и онакви мислења, тоа е секаде така, не е ништо страшно.

Збор бара господинот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, бидејќи по оваа тема расправаме веќе трет ден и многу работи се искажаа, јас ќе бидам краток и само ќе изнесам некои мои видувања по однос на законот.

Прашањето за кое денеска расправаме претставува основна окосница на нашиот натамошен развој особено денеска кога се соочуваме со голем застој односно опаѓање на физичкиот обем на производството во сите области исклучувајќи го земјоделието и таа како таква е нужност без која не може да се оди натаму.

Министерот, носител на проектот, во своето воведно излагање ги изнесе своите мислења и погледи во однос на понудениот проект кој јас

високо го ценам, но сепак ќе изнесам некои мои видувања.

Кога зборуваме за трансформација на општествениот капитал мораме да имаме предвид дека се работи за процес каде се менува сопственоста, а со тоа настанува адекватна измена на економските односи па и адекватна измена на стопанските институции.

Основна цел на проектот мора да биде порастот на ефикасно та во користењето на капиталот и тоа како во статичка така и во динамичка смисла.

Според мене, проектираната трансформација потешка ќе биде кај крупните претпријатија или како што е речено во Предлог законот трансформација на големите претпријатија. Предлог-законот нуди решенија за постапката на приватизација, меѓутоа, истиот недоволно го решава прашањето на продажбата на акциите и пазарот на капиталот иако нешто малку е речено во членот 96 став 3 од предложениот закон. Ова е значајно прашање за што сметам дека тоа треба да го реши ова Собрание со соодветен закон а не како што е предложено вре- мено да го чини Агенцијата.

Кога сум кај Агенцијата да кажам дека и тука треба да бидеме внимателни и не треба да и дадеме големи права, бидејќи постои опасност од нејзиното бирократизирање. Впрочем, за тоа зборува искуството во западноевропските земји.

Инаку, кога е во прашање трансформацијата на општествениот капитал сук за директна продажба за готови пари, бидејќи само така ефикасноста од истата ќе биде поголема на стопанството, како што рече еден од пратениците на стопанството му се потребни пари и само така на тој начин производството може да крене од оние позиции каде што застанало.

Во расправата по овој Предлог-закон некои дискутанти се залагаа за социјално најправеден начин таканаречениот систем на ваучери т.е. бесплатна распределба на правата на сопственост на сите граѓани во еднакви износи. Социјално навистина така би било праведно, меѓутоа, се прашувам дали не беше така до сега кога општествената сопственост беше сечија, а на крајот ничија и во голем дел пропадна, а да не зборуваме за тоа како и на кој начин граѓаните би влијаеле врз управувањето на претпријатијата и дали економската ефикасност би била најдобра, но сепак таа ќе зависи повеќе од личните способности на менаџерот отколку од приватната акционерска способност.

Сега, неколку дилеми за кои не нуди решенија Предлог- законот. Член 19 став 2 алинеја 2 зборува за тоа како ќе се остварува фиксна дивиденда од 2% во корист на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Поставувам прашање како ќе се оствари таа фиксна дивиденда од 2% доколку организацијата односно претпријатието што ќе се поопштествува нема да оствари добивка? Од каде таа гаранција? Ако сме свесни дека во такви случаеви значи ќе делуваат другите закони, ќе настане стечај и други мерки, па во тој случај мислам дека оној збор "фиксна дивиденда" од 2% мислам дека е малку дискутабилна.

Моја втора забелешка е во однос на рокот од три месеци за купување на акции од страна на работниците со попуст. Мислам дека рокот од три месеци е краток и мислам дека треба да биде подолг.

Членот 51 го регулира прашањето на продажбата на претпријатието и се поставува прашање што ако не се продаде така како е предвидено со членот 51? Исто така тој попуст од 80% што мислам дека одредено решение не е понудено во предлог-законот.

Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Петар Темелковски.

VI/1.- СС/СЛ

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

**7. Содржина и основни карактеристики на предложениот Закон**

7.1. Мотив и причини за донесување на овој Закон

Предлагачот во образложението и причините поради кои го предлага овој Закон, утврдува дека, длабоката економска, политичка и социјална положба во која се нашла нашата земја се последица на монополот на општествената и државна сопственост, па затоа со овој Закон се предлага трансформацијата на општествената сопственост во други видови на сопственост.

Од ова произлегува дека предлагачот нема или не сака да се изјасни во кои видови на сопственост треба да се трансформира општествената сопственост. Во задружна сигурно не. Значи во државна приватна, ако се знае дека државната и општествената сопственост се иста сопственост и ако ги знаеме какви се искуствата со државната сопственост на Исток, таа е полоша од општествената, во тој случај, ако општествената сопственост не се трансформира најголем дел во приватна во тој случај не треба и да го донесуваме овој Закон.

Според нашето мислење, тоа произлегува од содржината на предложениот Закон, општествената сопственост се трансформира во државна сопственост за отплата на долговите на Републиката, па според тоа ќе градиме државен социјализам од типот на овој на Исток, кој веќе пропадна.

7.2. Основи врз кои се предлага овој Закон

Во бивша Југославија, а тоа значи и во нашата Република процесот на трансформација почна со Законот за општествениот капитал. Тој процес почна во сите републики, за да во Хрватска, Србија и Словенија, да се запре и продолжи по нивните , републички закони. Кај нас продолжи по Сојузниот закон, а Владата на Македонија да го суспендира овој Закон со одлука да дозволи да се применува вториот Закон за приватизација а тоа е Законот за лични доходи, а кој според мислењето на истата е најконтроверзен и треба да се суспендира ретроактивно.

Владата како предлагач на овој Закон фрла дрвја и камења врз прописите но врз оснива на кои е спроведена досегашната трансформација во Македонија.

Нам не ни е јасно дали Владата има аргументи за тоа, или пак тоа го прави без такви аргументи.

Ако Владата има аргументи дека се кршени прописите за трансформација, таа требаше врз основа на постоечките прописи да интервенира односно незаконитости. Нам колку што ни е познато таков случај во пракса немаме.

VI/2.-

Ако пак Владата нема аргументи за тоа, тогаш таа создава атмосфера за недоверба за процесот на приватизацијата, како за оној кој досега се одвиваше, така и за процесот предвиден со новиот Закон.

Еве зошто? Ако Владата, СОК и надлежните судови дозволија толку незаконитости во процесот на приватизација, а тие се надлежни за контрола на тој процес, значи тие се основни виновници за тие незаконитости, и ако истите останат понатаму надлежни за контрола на новиот Закон, постои согласност да се повтори истото. Со оглед на тоа што работи за истите субјекти.

Новиот Закон се темели на искуствата и моделите на приватизацијата во Македонија, Хрватска и Србија, а се темели и на моделот на Законот за општествен капитал.

Новиот Закон ги прифаќа сите модели за трансформација кои постоеја со Сојузниот закон, како и моделите за трансформација во Хрватска и Србија, но со извесни корекции и дополненија на тие модели низ кои може јасно да се види мислењето на Владата за приватизацијата.

Во тие модели (Хрватска, Србија и Законот за општествен капитал се поаѓа од правилото дека работниците во претпријатието се создавачи на општествениот капитал.

Па затоа и се предвидува на дел од тој капитал,

1) да имаат првенство на купување

2) со попуст

3) со можност за отплата на рати.;

Во предлогот на Законот такви можности не постојат. односно нема предимство, нема попуст, нема отплата на рати.

Во моделите на другите републики се утврдени правилата на трансформацијата, а контролата за примена на тие правила е препуштена на струката односно агенцијата и другите стручни организации и лица што таа ќе ги овласти: Нашата Влада изгледа не верува во правила на играта, иако таа од истите ги пропишува, таа верува само на себе, па целиот процес скоро го врши таа односно преку органите кои таа ги основа и контролира.

И за разлика од тие модели Владата на агенцијата како збир експерти ја претвора во државно претпријатие и општествениот капитал го пренесува во таа агенција – претпријатие, на управување и користење.

Според тоа Владата е застапник на државна сопственост преку формирање на државно претпријатие – агенција, а тоа значи е за трансформација но не и за приватизација.

Оттука Владата повеќе верува на централистичкото управување од менаџментот

7.3. Назив на Законот

Основна причина за донесување на предложениот Закон, е трансформација на општествената сопственост во други видови на сопственост, а не облиците на стопанисување односно видови на претпријатијата

Видовите на претпријатија (акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност, холдинг претпријатија) се утврдени со Законот за претпријатија, а тие може да бидат во општествена, мешовита и приватна сопственост.

Според тоа, тој Закон треба да се занимава со трансформацијата на општествената сопственост, затоа и треба да носи назив Закон за трансформација на општествената сопственост", а не како што е предложен.

Овој нов назив на Законот му дава сосема друга политичко, економско и социјално обележје што тој и го заслужува.
Ако го добие овој назив Законот, во тој случај ќе отпаднат многу одредби кои се занимаваат со формите и облиците на стопанисувањето, а кои го обременуваат Законот и го прават нејасен и сложен. .

7.4. Видови на сопственост во која се трансформира општествената сопственост

Законот во член 1 определува, општествената сопственост да се трансформира во државна, приватна и задружна сопственост. Општествената сопственост во приватна се трансформира само со купување и плаќање.

Ако се знае кои се материјалните можности на нашето население и работници, тешко може да се оствари преторање на општествената сопственост во приватна.

Претворањето на општествената сопственост во државна се врши без надомест, а тоа значи дека преку ноќ таа сопственост ќе се претвори во државна и тоа без свежи пари а кои толку многу ни недостигаат.

7.5 Која општествена одговорност се трансформира

Причини за донесување на овој Закон е трансформацијата на општествената сопственост во приватна, државна и задружна. Според тоа би требало целата општествена сопственост да се трансформира.

VI/4.-

Меѓутоа Законот определува да се изврши трансформација само на дел од општествената сопственост.

Делот на општествената сопственост што треба да се трансформира, предлог Законот не го утврдува директно, туку индиректно, преку утврдување на делот на општествената сопственост што не се трансформира (член 4).

Не се трансформира општествената сопственост во претпријатијата на железничкиот и ПТТ сообраќај, одржување на патишта, електростопанство, претпријатијата од водостопанство, шумските претпријатија, земјоделските претпријатија и задруги, комуналните претпријатија, јавните претпријатија, установите од општествените дејности, претпријатијата со монополска положба, банките, другите финансиски организации и организациите на осигурување.

Ако се има во предвид дека кај овие претпријатие и установи е лоцирана нај^65^/ од општествената сопственост, значи, уште на почетокот поголемиот дел од општествената сопственост ќе остане нетрансформиран.

Ако на тој дел се додаде општествената сопственост, кај претпријатијата кои работеле со загуба (член 5), а такви ги има многу, а кај тие претпријатија е лоциран повеќе од 10%)од општествената сопственост, делот од општествената сопственост што не може да се трансформира по одредбите на овој Закон се зголемува на 75%.

Значи, според одредбите на овој Закон ќе се трансформира само 25% од општествената сопственост.

Со оглед на тоа што со решенијата на овој Закон, дел од општествената сопственост која се трансформира, ќе се изземе државната сопственост, дел од сопственоста што се отстапува на фондот за пензиско и инвалидско осигурување, во тој случај, останува делот од 25% од општествената сопственост што треба да се трансформира. Х*. Ако се земе во предвид материјалната положба на нашето население односно работник со 50 марки плата, тешко и овој остаток на општествената сопственост да се купи.

Според тоа и при најоптимистичките прогнози, само 10-15% од општествената сопственост може да се трансформира во приватна. Факт што заслужува поголемо внимание.

Ако се појде од тоа дека 85% од постоечката општествена сопственост нема да се трансформира, туку ќе остане иста или ќе се трансформира во државна, со аргументи може да заклучиме дека сакаме да го задржиме старото општествено политичко, економско и социјално уредување на нашата држава кое не доведе во длабока економска, политичка и социјална криза, го загрозува опстанокот на нашата млада македонска држава.

7.6. Поделба на претпријатијата на мали, средни и големи

Во Законот се предлага да се изврши поделба на претпријатијата на големи, сред- ни и мали претпријатија и според големината на претпријатието се пропишува посебна трансформација на општествената сопственост.

Таквата поделба на претпријатијата е ирелевантна и непотребна од аспект на трансформација на општествената сопственост затоа што општествената сопственост е исто и кај големите, средните и мапите претпријатија, и тука е погрешно да се прават разлики.

Поделбата на претпријатијата на големи, средни и мали е земена од Законот за сметководство што е погрешно. Еве зошто. Поделбата на претпријатија на големи, средни и мали во Законот за сметководство е извршена заради начинот на водењето на книговодството и извештаите што треба да се доставуваат до надлежните органи.

Ако сакаме веќе некоја поделба, заради различни постапки на трансформацијата, тогаш критериум за таквата поделба мора да биде големината на сопственоста. Па би можеле да кажеме за претпријатијата кај кои општествената сопственост изнесува пример до 100.000 ДЕМ, ќе пропишеме едни постапки за трансформацијата и за останатите претпријатија други постапки за трансформацијата на општествената сопственост.

Во прилог на оваа наша констатација оди фактот што во праксата имаме мали претпријатија со голема општествена сопственост - капитал и големи претпријатија со мала општествена сопственост.

7.7. Постапки на трансформацијата

Со предлог Законот (член 12,13,14,15,16,17) е пропишана постапка за трансформацијата на општествената сопственост. Таа постапка е многу сложена и тешко остварлива и сигурно ги запира процесот на трансформацијата. Прво, Службата на општествено книговодство треба да врши две контроли и тоа една за трансформација на стариот Закон, а друга ревизија за 1989, 1990 и 1991 година.

Ако се има во предвид самите определби на Законот дека проценката на општествениот капитал е основа за трансформацијата, а таа проценка треба да се изврши пред почетокот на трансформацијата и истата треба да се изврши од стручни организации и лица овластени од агенцијата, а во таа проценка се опфаќа досегашното работење на претпријатието, нема потреба, покрај оваа проценка, и Службата на општествено книговодство да прави две контроли, тие немаат сврха, Службата на општествени книговодство редовно врши контрола на работењето на претпријатијата па нема потреба од нова контрола која ќе го запре процесот, со таа контрола не се добива ништо.

Постапката е усложнета непотребно преку тоа што (член 15) се' додека постојат два степена на одлучување и тоа агенцијата и надлежното министерство.

Правилно би било да одлучува агенцијата бидејќи затоа таа се основа а не надлежното министерство.

## 7.8. Пренос на акциите на фондот за пензиско и инвалидско осигурување

Со предлог Законот (член 18) е предвидено 15% од акциите односно уделите да се пренесе бесплатно.

Овој процент е висок а тоа повторно е оптоварување на стопанството.

7.9. Искажување на акциите и уделите

Мислиме дека акциите и уделите треба да се изразуваат во денари домашна валута а не во ДЕМ.

## 7.10. На кого му припаѓаат средствата од трансформацијата на општествената сопственост

Според одредбите на членот 21 од предлог Законот средствата од продажбата на претпријатијата и припаѓаат на Републиката а се уплаќаат во Агенцијата.

Иако предлагачот талка со формулациите на одредбите дадени во Законот, тие средства и припаѓаат на Агенцијата кое се формира како огромно државно претпријатие.

Средствата би биле на Републиката. Ако за тие средства се формира посебен републички фонд, односно фонд за развој.

Давањето на акции на име на агенцијата значи одредување на агенцијата како сопственик на продаденото претпријатие што би било огромна грешка.

## 7.11 Модели на трансформација

(член 32 до 68)

VI/7.-

Во начело ги прифаќаме сите предложени модели на трансформација со следните измени и дополненија:

1) Претпријатијата да не се делат на големи, средни и мали по критериумите на Законот за сметководство, бидејќи таквата поделба е ирелевантна за трансформацијата на општествената сопственост.

2) Ако се врши поделба, во тој случај, критериум да биде големината на општествениот капитал, затоа што во праксата имаме мали претпријатија со голем капитал или средни претпријатија со помал општествен капитал.

Ако се врши некоја поделба, во тој случај, за претпријатијата до 200.000 ДЕМ општествен капитал, да се предвиди една постапка за трансформација, со тоа што тие би имале скратена постапка за трансформација и другите претпријатија со над 200.000 ДЕМ марки општествен капитал друга постапка.

3) На дел од општествениот капитал вработените да имаат право на предимство при купувањето, а тој да изнесува најмногу 50% од општествениот капитал.

4) Купувачите да имаат право на попуст и тоа 15%, и плус 1 % за секоја година на стаж за претпријатието или најмногу 5.5%.

5) Купените акции од вработените да можат да се отплаќаат во рати, со рок не подолг од 2ГОДИНИ.

6) Директорот на претпријатието може да купи најмногу 10% од вредноста на акциите, односно услугите.

7) Средствата од продажбата на претпријатието да се уплатат во фондот за развој

8) Средствата од продажба на акции и удели за прибирање на додатен капитал да се усогласат во претпријатието.

9) Да се ограничи износот на акциите што ќе се издаваат со попуст до 50% од општествениот капитал

10) Да не се ограничува износот на акциите што се издаваат без попуст.

11) Да не учествува агенцијата во управувањето со претпријатието

7.12. Агенција за трансформација на претпријатијата

Ние сме за формирање на агенција за трансформација, како стручна организација, под чие стручна контрола и помош ќе се врши трансформацијата на општествената сопственост.

Таа Агенција треба да биде независна стручна организација, а извештаи за своето работење треба да и поднесува на Владата

Дејноста и организацијата на таа Агенција треба да се регулира со Статутот на таа организација на кој согласност дава Владата.

Агенцијата во принцип не треба некоја голема и гломазна организација.

Финансирањето на агенцијата треба да ја вршат претпријатијата кои вршат трансформација на општествената сопственост.

Според тоа, агенцијата не треба да се формира како државно претпријатие на кое ќе му припаѓаат сите средства, акции и удели од трансформацијата на општествената сопственост. Во таков случај агенцијата како претпријатие би стекнал огромен капитал како и ингеренции да управува со целосно стопанство на Македонија.

Средствата и управувањето со истите што ќе се создадат со трансформацијата, треба да му припаднат на фондот за развој, како фонд на Републиката.

Според тоа за прибирање и управување со средствата од трансформацијата треба да се формира посебен републички фонд за развој, тоа суштинско прашање, бидејќи постои голема разлика помеѓу фонд и претпријатие.

Фондот може да работи по прописи кои ќе бидат одредени со овој Закон, додека претпријатието ќе работи по прописи на претпријатијата.

Ако се формира агенцијата како претпријатие и ако средствата од трансформација и припаднат на државна сопственост со што целата општествена сопственост би се претворила во државна.

**Преодни и завршни одредби**

Во појдовните за донесување на овој Закон, предлагачот, сака да го одржи континуитетот на трансформацијата на општествена сопственост во нашата држава.

Во Македонија е вршена трансформација на општествена сопственост по Законот за општествен капитал и Законот за лични доходи.

Секој држава, па и нашата треба да ги почитува законите кои во одреден период ги применува.

Ако тоа не го правиме, во тој случај создаваме огромна недоверба според легално донесените закони и легално избраните тела кои ги донесуваат тие закони.

Ако не постапиме така, се поставува прашање кој акционер или вложувач по овој нов Закон ќе ни верува дека истата таа Влада или Собрание со друг Закон нема да прогласат дека тие акции и удели односно сопственоста е незаконски стекната и им се одземе. Тоа е нонсенс за една правна држава.

Треба да побараме од Агенцијата и тоа новата да изврши контрола на спроведената трансформација по старите прописи дали е извршена согласно тие прописи, и ако таа е извршена, тогаш истата треба да се признае и прифати како легална.

Овде треба во врска со трансформацијата по старите Закони, токму каде што не е вршена проценка, треба принципиелно да се определиме, ревалоризацијата на неотплатените акции и удели да го зголеми општествениот капитал, а не неотплатените акции, со што општествениот капитал ќе се сведе на неговата пазарна вредност, тоа не би било во спротивност со старите прописи.

Исто така голема грешка е непочитување на стекнатите права на работниците би направиле ако не ги признаеме акциите по основ на Законот за лични доходи, ако не се плати придонес за лични доходи на нив.

Такви решенија немаме ниту во нашиот устав ниту во други прописи, од друга страна нашите и така сиромашни претпријатија би ги изложиле на огромни давачки за придонеси и даноци со кои можеме да ги доведеме на работна пропаста.

Господа пратеници, Јас одговорно тврдам дека голема ерозија па и кражба на општествената сопственост се врши преку сомнителни редовни работи на претпријатијата, отколку со трансформацијата и минатата и сегашна..

VI/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-дин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, не верувам во Македонија дека нема човек кој не е заинтересиран за овој закон и нема свое видување дури и свое решение.

Сосема разбирливо е тоа што дискусиите околу донесувањето на овој закон траат така долго, зошто не се работи за обичен закон, туку за закон што навистина е од историско значење. Не се случува секој ден да капиталот го сменува сопственикот. Во не така далечното минато тоа се случуваше после револуцијата. Дали овој процес што сега се одвива ќе предизвика поголеми илк помали потреси, ќе за- виси од тоа: колку ова политичко решение за приватизација на т.н. општествен- имот успеале економистите да го завиткаат во некаква економска логика, која сепак нема да ги исфрли работниците на улица, или нивниот број да биде барем што помал.

Одговорноста како пратеници што ја имаме при донесувањето на овој закон ја надминува привилегијата и честа што ја имаме. За тоа треба сите да бидеме свесни особено при одлучувањето околу амандманите, колку некој и да ги смета неважни.

Друго е прашањето дали донесувајќи го законот, ги решаваме економските проблеми? Некои и ќе се изострат, затоа е и предлагачот на законот свесен. Особено за тоа дека половина век ги убедувавме работниците дека се газди на претпријатијата, а сега треба да ги убедиме дека биле во заблуда. Затоа мислам дека економската логика мора да се прилагоди на ситуацијата, а не обратно.

VI/11.-

Оваа приватизација нема ништо заедничко со приватизациите што се вршат во западниот свет, таму капиталот е државен и државата го продава да го поттикне развојот, но државата може да реагира на евентуалните социјални проблеми, а нашата е да се раздолжи спрема домашните девизни штедачи и спрема надвор. Значи многу малку останува за развој.

Ако некој смета дека нешто му припаѓа, и една обична меѓа може да доведе до трагедија, да не зборуваме за нешто покрупно. На предлагачот на законот тоа сигурно совршено му е јасно, дека работниците вградиле и дел од себе во претпријатијата, но не само тие туку и сите други кои работеле во други дејности и индиректно придонеле за создавање на овој капитал. Затоа мора да размислува и за правичноста при поделбата на капиталот иако тоа нешто е тешко да се вклопи во економската логика, која инаку не признава правичност.

Опасно е некому да му влезеш во дворот и да му кажеш дека од денес, друг е газда и не му важи никаква тапија.

Затоа ваучерите можеби и не се некое идеално решение, но се повеќе од ништо. Затоа ќе мора во догледно време, мислам дека тоа ќе биде во скоро време да се вратиме на нив откако ќе се види дека законот тешко иде.

Не сум ниту за тоа да се изврши брза приватизација, со тоа што ќе им се подели имотот на вработените без пари, зошто со тоа се задржува статус кво, не се менува ништо, што не е целта на овој закон.

Не сум ни за приватизација на крупните претпријатија на- рочно не со 10% удел да се стекне правото за управување, зошто тоа крие големи опасности, намерно уништување на претпријатието од конкуренцијата, хазард и др.

VI/12.-

Исто така, не мие јасно зошто законот ја исклучува приватизацијата во општествените дејности, особено здравството, кога се знае дека натрупаните проблеми во оваа област многу полесно можат да се совладаат ако се дозволи приватизација и во овој сегмент. Дуплираните капацитети, недомаќинското работење, мегаломанијата при градбите, селекцијата на кадрите, треба да се знае дека такво какво што е сега здравството, не само што нема пари, туку преставува мртво море, од кое тешко ќе се извлече живот. И државата би се ослободила од дел на една тешка хипотека.

Јас сум за донесување на овој закон со некои подобрувања, што мислам ќе се случат со усвојувањето на одредени амандмани, и отпочнување на приватизацијата која веруваме ќе потрае подолго, но е важно да почне, зошто во спротивно ќе дојде до расточување на капиталот и ќе нема што да се продава.

Свесен за тоа дека не може да има општ консензус по овој закон, заради различните позиции, размислувања, сознанија, интереси, сепак се надевам дека законот ќе биде донесен, со тоа што и предлагачот на законот во последен момент ќе прифати одредени решенија и сугестии што се преточени во одредени амандмани, а драстично не го нарушуваат основниот концепт на моделот.

Неговата одговорност е и најголема, зошто останатите можат да бидат и блажени во своето незнаење, но не и тој.

Законот сигурно може, а може би и ќе мора да се менува во од, ако работите не тргнат онака како што се замислени, но знаејќи го тоа, сепак не можеме да си ја симнеме одговорноста пред народот и сопствената совест.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Сега е 13,50 часот. Предлагам пауза од 15,00 часот, но да почнеме точно во 15,00 часот.

(По пауза)

Седницата продолжи со работа во 15,55 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, трансформацијата на општествениот капитал и економски просперитет на Република Македонија доколку и другите сегменти од општеството го променат односот и економската поврзаност со овие трансформирани претпријатија. Мора зафаќањата на придонесите од личен доход и од доход да се намалат со цел овие претпријатија да бидат конкурентни на европскиот пазар. На Фондот за пензиско и инвалидско осигурување претпријатијата што се трансформираат му издаваат акции или потврда за удели и тоа 15% од вкупната вредност на издадените акции односно удели. Фондот се здобива со траен извор на приходи и мора фондот да размислува не да го зголемува коефициентот на придонесот туку да го намалува коефициентот на придонесот со цел овие претпријатија трансформирани бидат уште поуспешни, а Фондот да се полни со дивидендата која ќе ја остваруваат овие претпријатија.

Исто така државните институции мора да водат сметка за вработувањето во овие институции и нивните трошоци. Секој нов министер, мора да кажам со неговото доаѓање вработува подобри луѓе по свој критериум, како на пример претходниот министер за урбанизам градежништво и сообраќај има вработено 120 нови луѓе. Сето ова оптоварување го трпи стопанството. Ако се продолжи натаму со вакви вработувања коефициентите на сите придонеси ќе се зголемуваат и овие трансформирани претпријатија нема да бидат конкурентни.

VII/2.-

Јас би бил среќен кога во овој закон не би бил член 3, бидејќи со овој член околу 30% од општествените претпријатија се стопирани во трансформацијата. Не би се согласил со залагањето на еден пратеник овој член да се прошири со претпријатијата за вработување на инвалидите. Морам да кажам дека мора да се прави разлика помеѓу сојузи и претпријатија за вработување на инвалиди. Ние правиме трансформација на претпријатија а не на сојузи. Доста невистини се изречени од овој пратеник и затоа јас морам да коментирам некои од нив.

Прво земањето по стариот закон за трансформација, земањето на книговодствената вредност е за сите претпријатија а не е само за овие претпријатија. При вработување на инвалид без разлика дали се вработува во претпријатија за вработување на инвалиди или во право претпријатија СИЗ-от за вработување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување му даваат неповратни средства. Претпријатието за вработување на инвалиди се ослободува од придонеси, а не од вкупните придонеси. при увозот на репроматеријалите се плаќаат царини а не се ослободени овие претпријатија од плаќање на царини на репроматеријали. Инвалидот во било која организација, дали е тоа претпријатија за вработување на инвалиди, или е тоа права организација по службен весник 20 од 1990 година не може да остане без работа и тоа при стечај, технолошки унапредувања, елементарни непогоди и сл. Така да теоријата дека инвалидите ќе бидат монета за поткусурување не е точно. Осумдесет посто од претпријатијата за вработување на инвалиди по стариот закон се трансформирани така да постанаа акционерски друштва, па ниеден инвалид од овие претпријатија не напуштија. Така да бојазноста за напуштање на инвалидите при трансформацијата на овие претпријатија е неосновано.

Се залагам дел од општествениот капитал и тоа 15% да се подели бесплатно на вработените во нестопанството и 25% на вработените од стопанството. Оваа распределба е солидарна, но мислам дека е праведна.

Добро е што Владата го прифати амандманот за бришење на Надзорниот орган, а гаранцијата да биде обезбедена со квалитетни инструменти. Исто така сметам дека Агенцијата има превисоки овластувања, посебно по член 95 кој треба според мене да се избрише.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дали сакаме да го признаеме тоа или не во овој момент ни со овој закон во Република Македонија не се нарушува митот на социјалистичкото стопанство, ниту пак се преземени посериозни мерки за премин кон пазарно стопанство. Државата и натаму останува главен регулатор и на политичкиот и на стопанскиот систем. Чист етатизам секако. Соочени со ваквата состојба во Република Македонија веќе подолго време и ние не можеме да зборуваме дека постои или постоел некаков процес на приватизација бидејќи тоа што се случуваше досега и ова што сега се наведува не е ништо друго туку продолжува процесот на приватизација според некој модел кој што не е прифатен од ниедна од поранешните републики што беа во ЈУ-заедницата, а тој модел знаеме кој го креираше. Тоа беше моделот што требаше да го најави новиот социјализам. Се разбира тој модел требаше да се остварува според сеуште важечките Законот за претпријатијата и Законот аз промет и располагање со општествениот капитал. Таа приватизација се спроведуваше на начин што не одговараше ни на нашите услови ни според нашата стварност она што сакаме да го постигнеме. Општествените претпријатија се трансформираа наводно автономно со издвојување на интерните акции,

а ако трансформацијата не се одвиваше во целост во затворен круг, се издвојуваа и екстерни акции и така според овој модел и не се отстапуваше ни според но- вата проекција што сега ни се нуди со овој закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Доколку тие интерни акции не бидат ништавни сметам дека нема приватизација затоа што тие не понудија излез и не послужија како модел што може да понуди правилни решенија за она што го сакаме за приватизација на нашето стопанство.

Според моја оценка треба најотворено да ја кажеме вистината дека во Република Македонија и натаму се експериментира со некакви нови модалитети во стопанскиот систем без да се напушти докрај концептот на општествената сопственост и самоуправниот состав на стопанството. Само делумно се предлага трансформација на општествениот капитал и земено е земјиштето, шумите и другите важни имоти како што тоа веќе е најавено и со овој закон. Значи, значаен дел од имотот и од капиталот.

Според новиот закон до крај не се воспоставуваат сопственички односи т.е. не се утврдува сопственикот кој мора да биде идентификуван. Концептот на овој закон не се засновува врз она што ние досега постојано го бараме - јасни насоки и јасна концепција на стопанскиот развој. Односно досега ние не ја добивме макроекономската проекција што ја најавуваше Владата и што досега требаше да биде поставена на дневен ред во ова Собрание.

Од страна на Владата досега не е извршено утврдување на вредноста на општествениот капитал. Едноставно нема проценка на тој капитал. Затоа ние во овој момент и не можеме да зборуваме ни за активата ни за пасивата на општествениот капитал во услови на хиперинфлација која што постои сега и која не ни дава една реална слика правилно да ги процениме овие вредности. Мислам дека се додека во Република Македонија постои политичка напнатост, несигурност и до

крај необезбедени законски регулативи како гаранција за заштита на капиталот и профитот ние не можеме да очекуваме внесување на странски капитал и откуп на вредносни хартии и ефикасна трансформација. Според предложените решенија не се гарантира децентрализација на постојниот систем, ниту остварување на основните цели на приватизацијата, заштита на националното богатство, заживување на претприемаштвото широка дисперзија на сопственоста, флексибилност на вложувањата, на домашни и странски вложувања итн.

Носители на трансформацијата и натаму се органите на управувањето кои очигледно не може да отстапат од целите на своето постоењето без оглед на нивното трансформирање. Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал вака како што е понудена не претставува доволна гаранција за понудената трансформација. Тоа е чисто владина институција составена од управен одбор, кој управен одбор брои 9 членови и директор, кој директор го именува Владата на Република Македонија од редот на компетентни стручњаци како што овде стои и во членот 89 од Законот. Значи, неспорно е дека располагањето со имотот дадено е во рацете на Владата која е партиска и таа е носител на сопственоста, носител на трансформацијата, а не е тешко да ги оцениме резултатите ако го имаме во предвид токму тој факт. Од тие причини оправдан е стравот од нова национализација, за која овде доста се зборуваше, тоа го кажаа и некои пратеници во своите дискусии.

Очигледно е дека општествените претпријатија се претвораат во државни. Социјал-демократскиот сојуз станува правен наследник на општествениот капитал. Мислам дека трансформацијата според концептот на Владата, на Владата на СДС и коалицијата во практика нема да води кон пазарно стопанство туку на државен интервенциониза Практично се се пресликува според одредбите на Законот за здружениот труд со веќе познатите привремени мерки за општествена заштита на

претпријатијата со политички и правни методи. Државата се јавува во двојна улога, и како сопственик на општествениот имот и преку Агенцијата која го подржавува општествениот имот. Таа располага со одреден дел акции, таа буквално се здобива со улога на управувач со претпријатијата и со имотот во целина. Според тоа Владата на СДС ако целосно ја презема регулацијата на сопственичката преобразба на претпријатијата и таа ја има решавачката улога на тој план во стопанскиот живот ние не можеме таа Влада да ја ослободиме и од целосната одговорност за очекуваните резултати од трансформацијата и за оние појави што ја придружуваат таа трансформација тоа е криминалот, грабежот и сите други појави што се сврзани со распродажбата на имотот. Лично сметам дека трансформацијата има чисто политички карактер бидејќи актуелната државна политика наместо излез наметнува тотална блокада и изолација состојба на политички, социјално и стопански непријателски односи и расположенија не само на внатрешен туку и на надворешен план према нашата Република.

Во такви услови се предлага трансформација на општествениот капитал според кој не се нуди создавање на национален капитал со кој ќе се покрене нов циклус на производство на развој на просперитет на Република Македонија. Наспроти тоа се набројува и се најавуваат такви мерки и се најавуваат такви средства за приватизација која навестува такви решенија што водат во прилог на обезбедување средства на државниот буџет на буџетските стапки а исто така тоа и во законот децидно стои дека тие средства што треба да се остварат од приватизацијата односно трансформацијата на општествениот капитал ќе се отплаќаат долговите на Република Македонија спрема должниците спрема побарувачите внатре во Републиката и спрема оние побарувања што ги има нашата Република надвор од границите. Тоа значи повторно се враќаме назад кон централиза-

VIII/1/Л0/ОМ

**ДРАГИ АРСОВ:** (Продолжение)

Како и кој ќе ги принуди да ги отплатуваат и натаму преземените обврски, дури и да бидат тие обврски ревалоризирани за вредноста на трошоците на мало, сепак тие не можат да добијат такви акции кои што ќе имаат пазарна вредност. Останува отворено прашањето како да се надмине овој проблем. За тоа Владата не дава решенија.

Постои уште едно отворено прашање, дали со акции може да се отплаќа јавниот долг, дали акциите можат да се понудат на странските доверители и дали, на тој начин, ако тие ги преземат овие акции, може да се намали долгот на Република Македонија спрема странство. ако навистина овие акции не можеме да им ги понудиме на странските доверители, тоа најочигледно зборува дека не можеме да зборуваме за некој успех на овој план со овие решенија што се нудат со овој закон. Значи, овој закон не претставува гаранција, не носи свежи пари, туку ново насилство врз стопанските субјекти.

На крајот, мислам дека нема трансформација без формирање и заживување на пазарот на капиталот и вредносните хартии, без берзата на вредносните хартии, која сеуште не заживеало иако овде се предложија некои законски решенија за таа берза. нема трансформација без промена во финансиската сфера, посебно во банкарскиот состав, кој претставува главна сопирачка за побрзиот развој на Република Македонија. Не е извршена санација на деловните банки и нивната сопственичка трансформација. Таа трансформација допрва треба да се изврши.

Во овој момент можеме да констатираме дека нема трансформација ни без законот за денационализација и другите неопходни акти што се сврзани со приватизацијата. Овде не се нудат целосни решенија.

Предлагам донесувањето на законот да се одложи и доработи, а тоа сметам дека го наметнуваат и бројните амандмани што се понудија овде овие денови, и покрај тоа што ние расправаме за овој закон и тој се понуди во неговите конечни форми. Или доколку не биде прифатен еден ваков предлог, неминовна е потребата од страна на Владата да бидеме почесто информирани за текот на приватизацијата, затоа што овој проблем бара и поголемо следење, а исто така и нудење на нови решенија, затоа што прашањето што се решава со овој закон секако има пошироко значење и е сврзан со општиот интерес на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот министер Јане Миљовски бара збор за да даде појаснување.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас може само уште еднаш да го замолам аудиториумот и парламентот сепак да дискутираме за текстот на законот и за она што тој закон го предлага. Јас мислам дека независно од политичката припадност на секој пратеник, секој од нас па и членовите на Владата сме одговорни да донесеме еден добар закон кој што ќе не води кон една подобра иднина. Мене ми се чини дека секоја критика која што ќе ни покаже каде се тие слаби точки на она што го предлагаме ќе биде добредојдена и за Владата и за сите нас. Меѓутоа, можеби јас сум

недоволно внимателен, јас не можев да видам никаква обврска меѓу ова што го говореше господинот Арсов и законот кој што го предлагаме. Едноставно нема врска. Можеби ова што го говореше господинот Арсов е во врска со некој закон за приватизација, меѓу- тоа, тоа не е овој закон што овде се предлага, тоа не е овој закон што е за оваа земја, можеби некаде во странство,незнам, можеби има таков закон како што Вие говорите. Нашиот не е таков.

Меѓутоа, во едно сакам да ви дадам поддршка. Тоа е точно дек законот има политички цели, затоа што коалицијата која што ја сос- тави Владата, ама верувам дури и вашата партија се договоривме околу една работа: да извршиме длабока политичка промена, а таа политичка промена се врши токму со приватизацијата. Мене ме зачудува што вие сега наеднаш како да пледирате против таа политичка промена , против приватизацијата. Дајте да бидеме на јасно, дали јас погрешно ве разбрав или вие сте против оваа приватизација што ја предлагаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

(Прилог - дискусија)

VIII/4

Дискусија на Иванов М-р Иван
По предлог Законот за трансформација на претпријатието со општествен капитал

**ИВАН ИВАНОВ**:

ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛЕ
ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ ПРАТЕНИЦИ

ВО ИЗМИНАТИТЕ ПРОДОЛЖУВАЊА НА ОВА СЕДНИЦА,СЛУШАВМЕ ПОВЕЌЕ ДИСКУСИИ ВО КОИ БЕА ИЗНЕСЕНИ РАЗЛИЧНИ ГЛЕДИШТА И ОЦЕНИ НА ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН И ОПШТО ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА. РАЗЛИЧНИТЕ ГЛЕДИШТА ПО ЗАКОНОТ И НА САМАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА,ЗА МЕНЕ СЕ ОБЈЕКТИВНОСТ И ТИЕ СЕ РЕАЛНОСТ НА ПОЛИТИЧКАТА ПРИПАДНОСТ,КАКО И НА СТЕПЕНОТ НА СОЗНАНИЈАТА НА ПОЕДИНИТЕ ПРАТЕНИЦИ. ОПРАВДАНА Е И ЗАГРИЖЕНОСТА ОД ФАКТОТ НА НЕИЗВЕСНОСТА КАДЕ НЕ ВОДАТ ПОНУДЕНИТЕ РЕШЕНИЈА И ШТО ТИЕ ВО СЕБЕ НОСАТ КАКО ЗАГОНЕТНО И НЕ ОСОЗНАНЕНО. МЕЃУТОА НЕ МОЖАМ ДА СЕ СОГЛАСАМ СО ПОЕДИНИТЕ ЖЕСТОКИ ОЦЕНИ ЗА ДОСЕГАШНИОТ ИЗВРШЕН ПРОЦЕС НА ТРАНСФОРМАЦИЈА И НЕЈЗИН0Т0 ГЕНЕРАЛИЗИРАЊЕ ЗА СИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА. ТОА Е НЕОБЈЕКТИВНО., ОМАЛОХУВАЧКО И НАВРЕДЛИВО ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПОВЕЌЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА. УБЕДЕН СУМ ДЕКА ТАКВИТЕ ОЦЕНКИ НЕ МУ НОСАТ ДОБРО НА МАКЕДОНИЈА, НИТУ ПАК ЌЕ ДОНЕСАТ НЕКОМУ ПРЕДНОСТ ВО БОРБАТА ЗА ПОЛИТИЧКИ РЕЈТИНГ.

ОПШТА Е ОЦЕНКАТА ДЕКА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА Е НЕОПХОДНОСТ. ТАА Е НЕОПХОДНОСТ ЗАРАДИ ПРЕМИН НА ПАЗАРНИ УСЛОВИ НА РАБОТАТА И ПРОФИТАБИЛЕН СИСТЕМ НА РАБОТА.

ТРАНСФОРМАЦИЈАТА МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ СО АДЕКВАТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ДОНЕСУВА&ЕТО НА ЗАКОН И ПРОПРАТНАТА РЕГУЛАТИВА Е НЕОПХОДНОСТ.

ЕВИДЕНТНО Е ДЕКА СЕ КАСНИ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА НОВАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА А ПОРАДИ ШТО Е ЗАБАВЕН ПРОЦЕСОТ НА ТРАНСФОРМАЦИЈА,А ШТО ИМПЛИЦИРА НЕГАТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ.

ПОТРЕБНА Е ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА КОЈА ЌЕ БИДЕ ПРАКТИЧНО ПРИМЕНЛИВА, КАКО АПЛИКАЦИЈА ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА.

ТАА РЕГУЛАТИВА ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДИ КОНТИНУИТЕТ ВО ВЕЌЕ ЗАПОЧНАТИОТ ПРОЦЕС КОЈ ТРАЕ ПОВЕЌЕ ОД ДВЕ ГОДИНИ, НА ОСНОВА ОД ПОРАНО ДОНЕСЕНАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЕВИДЕНТНО Е ДЕКА ВО ПОРАНЕШНАТА РЕГУЛАТИВА ИМА НЕДОРЕЧЕНИ ПРАШАЊА И ПРАЗНИНИ, НА ОСНОВА НА КОИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИМЕНАТА НАСТАНАА ИЗВЕСНИ ПРОБЛЕМИ, А ВО НЕКОИ СРЕДИНИ И ПРОПУСТИ .

СЕПАК ТОА Е ЗАПОЧНАТ ПРОЦЕС ПО ЕДНА ЛЕГАЛНА ЗАКОНСКА ОСНОВА, СО УТРОШЕНО ВРЕМЕ, ГОЛЕМИ АНГАЖИРАЊА И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ , СЕТО ТОА ТРЕБА ДА СЕ ПОЧИТУВА.

ШТО СЕ ОДНЕСУВА ДО ПРАЗНИНИТЕ И НЕДОРЕЧЕНОСТИТЕ ВО ПОРАНЕШНАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ТИЕ ТРЕБА ДА СЕ ДОРЕГУЛИРААТ СО ПОУСПЕШНИ НОВИ РЕШЕНИЈА.

ПОЈАВЕНИТЕ ЕВЕНТУАЛНИ ПРОПУСТИ ВО НЕКОИ СРЕДИНИ ПРИ ДОСЕГА ИЗВРШЕНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЛОШО БИ БИЛО АКО СЕ ЗЕМАТ КАКО ОПШТА ОЦЕНА НА ВКУПНО ИЗВРШЕНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА И ВРЗ НИВ ДА СЕ ГРАДАТ НОВИТЕ РЕШЕНИЈА, ТОА БИ БИЛО МНОГУ ЛОШО И ПОГРЕШНО. ЕВЕНТУАЛНИТЕ ТАКВИ ПОЕДИНЕЧНИ ПРОПУСТИ ТРЕБА ДА СЕ УТВРДАТ И ДА СЕ САНКЦИОНИРААТ.

ВО ПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ, ТРЕБА ДА СЕ ЗЕМАТ СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ ВО СТВАРАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ИАЌЕДОНСК0ТОО СТОПАНСТВО. ПОСТОЈАТ МНОГУ СПЕЦИФИЧНОСТИ И ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА СТОПАНСТВАТА НА ЗЕМЈИТЕ ВО КОИ ДОМИНИРА РЕШЕНИЈАТА НА ДРЖАВНИОТ СОЦИЈАЛИЗАМ. СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕДЕСЕТ ГОДИШЕН РАЗВОЈ НАПРАВИЈА И ДАДОА МНОГУ ВО СТВАРАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ. НИЗ ТОЈ ДОЛГ ПРОЦЕС НА РАЗВОЈ СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ СЕ ПОВЕЌЕ СЕ ПРИБЛИЖУВААТ НА ПАЗАРНИОТ ПРИНЦИП НА РАБОТА И ОДНЕСУВАЊЕ

РАБОТНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ТОЈ ДОЛГ И СЛ01ЕН ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД НА РАЗВОЈ ДАДОА МНОГУ ВО СТВАРАЊЕТО НА СЕГАШНИОТ ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ. ТИЕ ДОЛГИ ГОДИНИ ОД ОСТВАРЕНОТО ИЗДВОЈУВАА ЗА ОТПЛАТАТА НА ТЕШКИ КАМАТИ И ОТПЛАТИ ЗА КОРИСТЕНИТЕ ДОМАШНИ И СТРАНСКИ КРЕДИТИ ПОТРЕБНИ ЗА ТОЈ РАЗВОЈ. ТИЕ СЕТО ТОА ГО ПЛАЌАА ВО ПОВЕЌЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА) СО МНОГУ НИСКИ ПЛАТИ, А ОНИЕ КОИ ЗАМИНАА ВО ПЕНЗИЈА ТОА ГО ПРЕНЕСОА ВО СТАРТОТ, СО МНОГУ НИСКИ ПОЧЕТНИ ПЕНЗИИ, А ТОА СЕ ОДРАЗИ НА НИВНАТА ИДНА МАТЕРИЈАЛНА СУДБИНА.

ЗА ОВА ИМА МНОГУ ПРИМЕРИ ВО ПОВЕЌЕ МАКЕДОНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗАТОА СЛОБОДНО ЌЕ КАЖАМ, ДЕКА ЗНАЧАЕН ДЕЛ НА СЕГАШНИОТ ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ Е РЕЗУЛТАТ НА НИВНОТО ДОСЕГАШНО ОТКАЖУВАЊЕ И ЛИЧНО ПЛАТЕНАТА ЦЕНА. ТОА НИКОЈ НЕ МОЖЕ ДА ГО ОСПОРИ.

ОВА МОРА ДА СЕ ЦЕНИ И ДА СЕ ИМА ВО ПРЕДВИД ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА НОВАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ.

ПРИ ОВА НЕ САКАМ ДА ГО ЗАПОСТАВАМ И УЧЕСТВО И ПРИДОНЕСОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР ПОСЕБНО ОД ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗДРАВСТВОТО. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА И ТИЕ ИМААТ СВОЈ ПРИДОНЕС ВО СТВАРАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ И ОВА ТРЕБА ДА СЕ ИМА ВО ПРЕДВИД ВО ГРАДЕЊЕТО НА ГЛАВНАТА РЕГУЛАТИВА.

СО ЦЕЛИОТ РЕСПЕКТ КОН ПОДГОТВУВАЧОТ НА ЗАКОНОТ, СЕПАК ДА ИСТАКНАМ , ВО НОВО ПОНУДЕНИОТ ПРЕДЛОГ ЗАК0Н,ВАКВИТЕ РЕШЕНИЈА ИЗОСТАНУВААТ. ВО НЕГО НЕ СЕ ВГРАДЕНИ БРОЈНИТЕ ПРЕДЛОЗИ КОИ БЕА ИЗНЕСЕНИ ВО ФАЗАТА НА РАСПРАВАТА НА НАЦРТ ЗАК0Н0Т. ИСТО ТАКА ВО НЕГО НЕ СЕ ВГРАДЕНИ БРОЈНИТЕ ПРЕДЛОЗИ И РЕШЕНИЈА С0ДР1АНИ ВО БРОЈНИТЕ АМАНДМАНИ НА ПОНУДЕНИОТ ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН.

ИСТО ТАКА НЕДОСТАСУВА ПАРАЛЕЛНА ПОДГОТОВКА НА ДРУГИТЕ НЕОПХОДНИ ЗАКОНИ, СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ СТВОРАТ ПРАВНИ МОЖНОСТИ^ПОТРЕБНИ ЗА КВАЛИТЕТНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ. САМО БИ ГИ СПОМЕНАЛ ЗАКОНИТЕ.

ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ, ТОА СЕ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА КОИ ТРЕБА ДА ПОМОГНАТ ВО СТВАРАЊЕТО НА АМБИЕНТ ПОТРЕБЕН ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ.

ИСТО ТАКА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ Е НЕДОСТАТОКОТ ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И НОРМАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА РЕШАВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И ТЕНЗИИ КОИ ЌЕ НАСТАНАТ СО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОНУДЕНИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ.

БЕЗ РЕШАВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ ПОТЕШКО МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ТРАНСФОРМАЦИЈА, А ВО ТОА СЕ УВЕРИВМЕ ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ, ВО ПРВИОТ ПЕРИОД ОД ЗАПОЧНУВАЊЕТО СО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА КОЈА СЕ БАЗИРАШЕ И ИМАШЕ ВО СЕБЕ ПОБОГАТА И ЕЛАСТИЧНА РЕГУЛАТИВА.

СО ПОНУДЕНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО О.К. ДАДЕНИ СЕ МАЛИ МОЖНОСТИ ЗА САМОСТОЈНОСТ НА ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО ИЗБОРОТ НА НАЧИНИТЕ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА. НАСПРОТИВ НА ОВА ДАДЕНИ СЕ МНОГУ ГОЛЕМИ НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА И НАДЛЕЖНОТО РЕСОРНО МИНИСТЕРСТВО,ОДНОСНО СЕ ДАВАТ

ГОЛЕМИ ВОЗМОЖНОСТИ ЗА ДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВАТА ПРЕКО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ.

МОЖНОСТИТЕ ЗА САМОСТАЛНО И КРЕАТИВНО ДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,НЕГОВИТЕ ОРГАНИ И ВРАБОТЕНИТЕ СЕ ЦЕЛОСНО ОГРАНИЧЕНИ. ОВА ПОСЕБНО СЕ ОДНЕСУВА ЗА ГОЛЕМИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА . МОЖЕ СЛОБОДНО ДА СЕ КАЖЕ ДЕКА СО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОВОЈ ЗАКОН, ПРАВОТО НА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА СИТЕ ПОБИТНИ ПРАШАЊА ЌЕ ПОМИНАТ ВО НАДЛЕЖНОСТА НА АГЕНЦИЈАТА .ЗА ОВА НЕШТО ПОКОНКРЕТНО СТАНУВА ЗБОР ВО ЧЛЕН 95. ВАКВИТЕ РЕШЕНИЈА СЕ СПРОТИВНИ НА ДОСЕГАШНАТА ПОСТАВЕНОСТ И ПРАВА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО КАКО ПРАВЕН СУБЈЕКТ. ТРЕБА ДА СЕ ИСТАКНЕ ДЕКА. ОВА Е ЕДНА ОД НАЈБИТНИТЕ ПРАШАЊА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ.

ЗА МЕНЕ СОСЕМА Е ЛОГИЧНО ШТО ПРАТЕНИЦИТЕ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СТОПАНСТВОТО УКАЖУВААТ НА ОВИЕ БИТНИ ПРОМЕНИ,НЕЗАВИСНО ШТО ТИЕ СЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ КОИ ЈА ЧИНАТ И КОАЛИЦИОНАТА ВЛАДА.

НЕПРИФАТЛИВО Е И ПОНУДЕНОТО РЕШЕНИЕ ДА СЕ РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ФИНАНСИРА ОД ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ, А НАСПРОТИ НА ОВА,РАБОТНИЦИТЕ ОД ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СЕ ПРЕПУШТЕНИ САМИ НА СЕБЕ.

ИСТО ТАКА ВО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ИМА НЕПРЕЦИЗНИ РЕШЕНИЈА А ДЕЛ ОД РЕШЕНИЈАТА ВО ФАЗАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКААТ СЕРИОЗНИ ПРОБЛЕМИ.

ОД СЕТО НАПРЕД ИЗЛОЖЕНО СОСЕМА Е РЕАЛНА ПОТРЕБАТА ОД ДОДАТНО ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ РЕШЕНИЈА ОД ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ. ТАКВИТЕ РЕШЕНИЈА ЈАС ГИ ГЛЕДАМ ВО 1ПОНУДЕНИТЕ АМАНДМАНИ НА ЗАКОНОТ.

ЗАТОА ЈАС УШТЕ ЕДНАШ ЗАМОЛУВАМ И ПРЕПОРАЧУВАМ НА ВЛАДАТА НА РЕСОРНИОТ МИНИСТЕР, ДА УВАЖИ ДЕЛ ОД ПОНУДЕНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ПОДНЕСЕНИТЕ АМАНДМАНИ, СО КОИ ЌЕ СЕ НАПРАВАТ НОВИ КВАЛИТЕТНИ ПОДОБРУВАЊА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ,А СО КОИ ЌЕ ОБЕЗБЕДАТ ПОДОБРИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВА&Е НА ЗАЦРТАНИТЕ ЦЕЛИ ВО СПРОВЕДУВАЊА НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ.

ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА
ВАШЕТО ВНИМАНИЕ

VIII/9.-

**ДРАГИ АРСОВ: (реплика)**

Почитувани пратеници, се извинувам што нешто подоцна се јавив за реплика, но чувствувам потреба да му одговорам на господинот Миљовски.

Сакам да Ве потсетам, господине министре, дека јас кога зборував Вие поголемиот дел од моето излагање не го слушавте бидејќи бевте отсутен од салата, па затоа и неможете да зборувате дека моето излагање имало некоја врска со овој закон и дека немало, а дај боже и да нема врска бидејќи дозволете ние како пратеничка група која што припаѓа на друга партија да имаме поинаква опција од она што Вие ни го нудите. Тоа е првото што сакам да Ви го кажам.

Второто, уште еднаш повторувам бидејќи сте овде, ние сме се определиле за приватизација, но јас неколку пати овде поднесував до Владата предлог дека таа приватизација ние ја бараме да ја понудите во пакет со сите закони што се сврзани со приватизацијата во Република Македонија, а тоа е Законот аз денационализација и другите законски акти што овде јас ги спомнав. Ако законот има чисто политички карактер, како што и Вие овде тоа го потенцирате, тогаш дозволете да имаме и ние една поинаква опција која е различна од онаа што Вие ни ја нудите и овде сакам да кажам дека секако таа опција што ние ја застапуваме нема да дозволи донесување на еден таков закон што Вие овде ни го нудите, кој што овозможува со години овде да се врши грабеж на општествениот имот. Секако, ние тоа на време ќе го спречевме.

**ДРАГИ АРСОВ:** /продолжение/

Уште нешто што сакам да ви кажам на крајот дека овој Закон иако вие го подготвувавте толку долго време, оваа дебата што се води овде во Собранието покажа дека тој не ги задоволува квалитетите, ниту пак одговара на намената што треба да ја има, а тоа е да изврши приватизација, а во прилог на тоа зборуваат и сериозните критики не само од страна на опозицијата, туку и од страна на пратениците од позицијата, зборуваат и бројните амандмани овде што се понудени. Тоа е сериозен индикатор на кој што треба да се замислите дали вие сте понудиле еден квалитетен закон- ски акт овде. Затоа јас предложив многу покорисно за вас ќе биде ако за извесно време го повлечете донесувањето на овој закон и на тој начин тоа време да го искористите за внесување на овие забелешки и сугестиите да ги искористите и да ги внесете во текстот што треба дополнително да ни го предложите.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас му благодарам на г-динот Арсов што ми ја појасни својата ситуација, таа е значи следна. Бара Законот да се повлече, Македонија да остане уште доста долго време без регулиран начин на приватизација за да нерегулираниот начин на приватизација против кој што тој во првиот дел на своето излагање изгледа се бунеше продолжи. За мене тоа е противречност. Единствен начин да имаме регулиран начин на приватизација во кој што степенот на недозволени акции ќе се смали е ако се донесе овој Закон. Ако на било кој начин го одложиме донесувањето на овој закон, ќе се случи она за што вие изгледа најмногу се буните.

IX/2.-

Околу амандманите, точно е дека има многу амандмани и точно е дека има многу критика. Меѓутоа, никој не докажал дека многу амандмани значат лош закон, туку многу амандмани во овој случај значат дека се нудат радикални потези за кои што можеби дел од предлагачите сеуште не достигнале до тој степен да се спремни да прејдат во нов општествено - економски систем. Јас тука можеби и на друг начин многу поочигледно да ви го кажам, меѓутоа овој пат ќе се воздржам заради тоа што ќе се оттргнеме од основната тема. Ние дискутираме за Законот и за решенијата. И кога говорите дека сте против криминалот, тука сме и вие, и јас и целата Влада и целата коалиција на иста страна. Проблем е на кој начин вие нудите да го решиме тој проблем. Вие нудите да останеме без закон, ние нудиме, дајте да донесеме закон со кој што тоа ќе се спречи. А сега оставам и на аудиториумот да оцени кој има право. Знаете што, можеме многупати да се јавуваме, не е потребно. Јас ќе се јавам еднаш, јавете се вие еднаш, нека публиката оцени што е по логично и што има повеќе смисла.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, изминатите два дена и денеска од оваа говорница од повеќе пратеници се нудеа нови идеи, предлози, а некои нудеа и сосема нови концепции на закони. Јас немам таква цел, туку накратко ќе се задржам само на текстот на Законот.

Предлог-законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал е еден од клучните со кој што градиме нов стопански систем и истиот треба да претставува континуитет во процесот на трансформацијата која што беше започната со Сојузниот закон за

општествен капитал и Сојузниот закон за лични доходи. Позитивно е тоа што со овој закон се предвидува контрола кај сите претпријатија кои што го започнаа процесот на трансформацијата и во колку истата е во согласност со позитивните законски прописи остануваат претпријатија кои се трансформираа , а за остатокот од општествениот капитал кој што не беше трансформиран ќе продолжи со овој закон, а кај оние претпријатија кои што извршија трансформација спротивно на законските прописи истата ќе биде поништена и целосно ќе се трансформираат согласно овој закон.

Овој закон пошироко во граѓанството е оспоруван затоа што со неговата примена се очекува голем број од работниците да останат без работа со што нивниот животен стандард уште повеќе ќе се влоши. Овие стравувања јас ги оправдувам, меѓутоа сметам дека изворите на средствата кои што се предвидуваат за оваа намена а тоа се 2% од фиксната дивиденда, средства од продажба на општествениот капитал и дел од собраните средства од трансформацијата ќе ги решат проблемите на работниците кои што ќе останат без работ т.е. ќе имаат една социјална сигурност.

Го прифаќам овој Закон затоа што во него е содржан основниот принцип платена приватизација, т.е. со истиот се предлага сопственици на претпријатијата да станат лица кои што ќе вложат сопствени средства, а тоа е единствениот начин сопствениците да бидат мотивирани за поуспешно работење.

Позитивна карактеристика на овој закон е тоа што пред- видува различни начини на трансформацијана претпријатијата и тоа: малите претпријатија на два начина, со откуп на претпријатието на вработените и втор начин продажба на идеален дел на претпријатија. Кај средните

претпријатија предвидува 5 начини на трансформација продажба на идеален дел од претпријатието, од откуп на претпријатието од вработените, продажба на претпријатие на лица кои го превземаат управувањето со претпријатието, издавање на акции заради дополнителни вложувања и петтиот начин претворање на побарувањето на доверителите во траен влог. Исто така, сите како овие пет начина како кај средните претпријатија се предвидени и кај големите претпријатија. Што значи кај малите и средните претпријатија начинот на кој што ќе се трансформираат останува самите да го одберат работниците во претпријатијата, а додека кај големи1 претпријатија тоа ќе го направат заедно со агенциите.

Исто така, позитивно на овој закон е тоа што се врши проценка на капиталот за разлика од постоечкиот закон за општествен капитал со Сојузниот закон и за лични доходи каде што трансформација се врши според книговодствената вредност, а исто така и изразувањето на проценката што се врши во германски марки. Многу амандмани кои што ја менуваат содржината на законот, за мене се неприфатливи, а дел од нив кои придонесуваат за одредено прецизирање се прифатливи. Посебно сакам да се произнесам на амандманите, а најголем дел се и на член 26 во врска со попустите на вработените мислам дека тоа ќе биде прифатено и до страна на Владата. За мене е прифатливо попустот да изнесува 30%, исто така, мислам дека од Петар Георгиев има амандман да се даде како втор приоритет. Доста дискутанти зборуваа дека нема квалитетни средства, односно готови средства со кои што ќе се откупат акциите на претпријатијата да се даде втор приоритет на останатите вработени. Исто така, овој амандман околу цензусот 15 илјади германски марки мислам дека тој може да се зголеми и со тоа мислам дека Законот ќе биде прифатен од поголем број на пратеници. На крајот, бидејќи со

Уставот се определивме за градење на гранско општество со пазарен стопански систем овој закон сметам дека е неопходен. Коментирајќи заедно со неколку колеги пратеници, член 95 сметам дека не е јасен. Јас ќе го прочитам и барам од претставникот на Владата после општиот претрес ова да го објасни. Истиот гласи: приоритетна акција што претпријатието ја издава ја пренесува на агенција и гласи на име: покрај правата утврдени со овој Закон, и дава право на агенцијата да дава претходна согласност на претпријатијата и ги набројува за намалување на основата главница. Продолжување на траењето и предвремено претставување на друштвото, спојување и припојување на друштвото, отуѓување на имотот на друштвото, давање под закуп на друштвото или негови главни делови, или склучување на слични договори кои изнесуваат најмалку 20% од вредноста на основната главница, трансформирање на друштвото од еден во друг облик. Сметам дека ова се преголеми овластувања што се даваат на агенцијата и вака читајќи го амандманот малку е нејасен дали ова се однесува за сите видови на трансформација. И доколку се откупи 80% од капиталот на претпријатието кое што се трансформира од страна на вработените, дали оние 20% што ги има агенцијата ќе важат сите овие овластувања што ги даваат за сите овие начини дали претпријатијата понатаму ќе се спојува, дали ќе се продаваат одредени делови би сакал од страна на претставникот на крајот после општиот претрес да објасни.

IX/6.-

**НАУМ СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, следејќи ги повеќето дискусии од оваа говорница констатирав дека се понудени покрај основниот концепт на законот, доста нови концепти, кои драстично отскокнуваат од основниот. Со самото тоа пратејќи го во меѓувреме и мислењето на одредени стопанственици со кои контактирав, создадена е една конфузија кај истите, а уште повеќе кај работниците. Тоа навистина во ова време сега не ни е потребно, туку потребно е постоечкиот закон што повеќе да го разјасниме и да го доближиме до работниот народ. Единствено по текстот на законот ќе се задржам на проблемот за заштита на правата на поранешните сопственици кои доста дискутанти овде го начнаа и го протежираа принципот истовремено и паралелно да се понуди Законот за денационализација. Категорично сум против тој принцип за што во самиот закон таа пробалематика е образложена и зацртана со цели 8 членови, така што мислам дека од овој проблем навистина не треба да се прави проблем. Исто така, ќе се задржам и на проблемот кој тука го покренаа здравствените работници за приватизација на здравството кој мислам дека исто така ќе треба да добие свој третман, но не во овој закон. Тука се и останатите стопански субјекти како што се земјоделство, шумарство, банките и монополските организации кои секако ќе дојде до нивна приватизација, но со други законски норми. Исто така, ќе се задржам и на придружните прописи што ценам дека ние пратениците треба да ги имаме спознаено за точно да го дадеме својот глас при донесувањето на овој закон. Поконкретно за тие придружни прописи кои се напоменуваат во повеќе членови посебно ќе се задржам на агенцијата за трансформација и нејзиното точно дефинирање, како и делокругот кој треба да го опфати со својата работа.

Повеќе од 80% од дискусиите се задржаа на расправата за поделбата на општествениот капитал, а сосема малку за она што ќе се дели и отуѓува. Имено, тука ќе потенцирам, самата вредност на тој капитал, кој ќе ја процени таа вредност, како ќе се проценува, поточно ценам дека треба таа методологија да е изработена и на нас пратениците да ни биде достапна за да се запознаеме во целост со комплетната проблематика ко1а овој закон ќе треба да ја разработи за да можеме правилно да цениме кога ќе го дадеме својот глас за, или против овој закон. Ценам дека е ова едно техничко прашање, но сепак битно за заокружување на целината на законот. Имено, министерот се заложи, се залага и се заложува и понатаму реплицирајќи на повеќето дискусии дека комплетно не отстапува од предложениот концепт кој е верифициран и од познатиот економски стручњак г-динот Ченто Велјановски. Ценам дека законот треба и мора да се донесе, т.е. треба да се донесе закон, а не законот, но закон кој се надевам ќе ги прими во себе како составен дел и одредени амандмански предлози. Лично јас се залагам и сум протагонист на доста брзи промени кој ќе се установи да одредени одредби од овој закон не се применливи. Тоа значи дека треба бдеење над овој закон и да се следи моменталната состојба како ќе се одвива на терен со самата приватизација. Во краток рок не можеме да очекуваме дека ќе се одвива оваа приватизација, дека ,ќе се очекува одреден препороди посебно со свеж странски капитал. Затоа ќе бидат неопходни тие корекции во овој закон со предложениот ваучерски принцип кој сега е отфрлен. Како потсетување да кажам дека тоа се случи и со законите во Маџарска, во Бугарија каде што сега концептот е во разработка како и со Словенија која концептот на ваучерскиот принцип веќе го вгради во

својот закон. На крајот да истакнам дека се залагам во овој закон за единствен принцип, а тоа е принципот на правичност Сепак, тој принцип на правичност чиј карактер и тежина ќе го донесе ние со самото изгласување на овој закон и иститe ќе бдееме над него не само овој Парламент, туку и останатите парламенти се до заокружувањето и комплетната трансформација на општествениот капитал. Уште еднаш повторувам, единствен мој принцип ќе биде принципот на правичност на овој закон.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, свесен сум дека вниманието ни е при крај и ќе се обидам да дадам свој допринос по повод овој закон и свое видување.

Прво, во што треба сите да се сложиме, дека законот претставува една револуција без зрно барут, барем така беше кажано и од министерот Миљовски. Меѓутоа, секоја револуција оди со жртви. Свесни сме дека овде ќе има доста солзи, нема да има крв, но ќе има многу солзи, многу социјални немири и на крајот на краиштата ќе направиме едно социјално раслојување и ќе ја видиме вистината во која што се наоѓа нашето општество. Моја дилема е дали овој закон нуди можност за стварање, всушност како што кажав за едно социјално раслојување и давање можност на оние што биле богати да станат уште побогати, а оние што биле сиромаси да станат уште посиромаси. Мислам дека ќе се случи најверојатно оној среден слој кој што го претставува работничката класа ќе се придружи сега кон оние посиромаси, а ќе се јават екстреми на многу богати луѓе. Ќе дојдеме во ситуација оној атрибут што нашиот устав го нуди дека Македонија е и социјална држава, тој атрибут ќе дојде во прашање.

Сега би кажал неколку збора за начинот како ќе се одвива процесот на трансформацијата, мое видување:

X/1 сј/см

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:** (Продолжение) .

Тоа што стои во предлогот просто ќе се одвива преку формирање на републичка агенција која ќе го спроведува Законот за трансформација, која ќе изготви методологија и по таа методологија Владата ќе направи проценка за правата вредност, а не за книговодствена вредност, како што досега се случуваше во овој процес кога имавме едно беззаконие и се јавија поголеми девијантни појави.

Од оваа говорница чувме дека се случило да некои работни организации каде што процесот на трансформација диво се одвиваше ќерамиди од покривот на самата работна организација чинат повеќе отколку што е онаа номинална вредност, всушност книговодствена вредност со која што се одвивал процесот на приватизација. Мислам дека Законот кој веројатно ќе претрпи големи промени бидејќи има маса на амандмани, неколку стотици на амандмани, ќе се догради и ќе видиме на крајот каков ќе биде епилогот. Ако оние измени што се предвидени во законот кој мене необично ми се допаѓа да 30% од предвидените вредности од проценката по таа методологија останат во самата организација, а мислам дека минат труд е света ствар во работни организации, но сепак оние што ја створиле онаа организација и оние пензионери сепак да се почувствуваат дека дале дел од својот работен век и дека имаат дел од тој имот.

Сега би се осврнал на улогата на јавниот правобранител или општествен правобранител кој според мене е единствен според Уставот, единствена институција која треба да го брани општествениот или државен имот. Тој треба да претставува дамоклов мачи само по принципот н законот и правдата овој процес да го изведе до крај во рамките на законските норми. Меѓутоа, оваа институција јавен

правобранител, ме разочара, кога претходно го имавме законот за продажба на општествени станови тој остана нем, веројатно му е отапена оштрицата како институција и немо посматраше како се врши невиден грабеж на еден општествен имот, а тоа беа општествените станови.

Јас и на оваа говорница кажав дека општествениот или јавниот правобранител воопшто не се вклучи да ги спази основните закономерности при отуѓување на оваа државна имовина како што беа општествените станови, не го почитуваше законот за станбените односи така да се случи да поедини привилегирани луѓе покрај тоа што добиле стан, плац, изградиле семејна куќа, купиле уште еден стан, го купија овој стан за багателни пари и сега се во позиција тој стан што е купен за багателни пари да го продадат да стекнат добивка во девизи и да станат можни акционери во некои работни организации и утре со купен поголем број на акции и да управуваат со таа нова организација и имот стекнат на неправилен начин.

Затоа мислам дека јавниот правобранител кој што сеуште е уставна категорија треба активно да се вклучи во овој процес, а агенцијата сигурно ќе биде составена од стручни компетентни лица кои ќе дадат придонес со својата стручност за да овој процес на трансформација се обави стручно, а закономерноста за обавување на овој процес треба да ја брани јавниот правобранител и да игра улога навистина на дамоклов мач а не како досега да биде нем во распродажба на грабеж на државниот имот.

На крај мислам дека Законот малку преурането е, мислам предлогот не е прерано донесен, тој веќе доцни, ние доцниме со трансформација на капиталот меѓутоа можеби подобро ќе беше законот за јавни установи и законот за денационализација одат пред овој закон, па да имавме чисти сметки бидејќи не е право на луѓе на кои со

национализација им е одземен голем дел од имотот сега тој имот да биде со овој закон распродаден на други лица така наречени акционери, а тој што е правен наследник на тој имот, го создавале неговите предци сега има право како надворешен член да учествува како акционер, меѓутоа во тој имот да се вклучат и други луѓе,  а законот за национализација можеби би донел и други решенија.

Законот за јавни установи и овие амандмани што ги имаме ние здравствените работници неколку амандмани би биле многу појасни затоа што со член 3 од овој закон што министерот Миљовски го предлага засега здравството е исклучено од процесот на трансформација. Меѓутоа, при крај на самиот член е дадена можност ако со закон дојде до промена на статусот на претпријатието или во конкретниот случај на здравствена установа ќе може во иднина да се вклучи во процесот на трансформација, но тоа е уставна работа, дали ќе се промени законот се тоа е што велиме "отом потом".

И, како заклучок, и синдикатот треба да го слушаме, работничкиот синдикат дава некои предлози, а мислам тој ги штити работничките права и еден е од заштитниците на овој општествен имот. Според тоа, би требало и тие предлози што синдикатот ги предлага да се земат во предвид и со овие маса амандмани што се предложени да донесеме еден добар закон и општествениот имот по реални основи да го трансформираме и нашето идно општество да продолжи напред со прав од.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега е 17,00 часот, ако може барем лекарите да ни помогнат да се убедиме овде порано да почнуваме, во 10,00 часот, поладно е пред ручек кога се работи.

X/4

Сега веќе навистина станува жешко и за здравјето е навистина тешко,

Затоа, предлагам, утре да почнеме што е можно порано. Јас еве закажувам седницата утре да почне во 10,00 часот. (Некои од пратениците предлагаат седницата да почне во 8,00 часот). Некои од пратениците не можат да дојдат до 8,00 часот бидејќи доаѓаат од далеку.

Утре ве молам да почнеме во 10,00 часот.

Седницата прекина со работа во 17,00 часот.